КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE
KOALICIONI
KOALICIJA



# Ефикасноста на судовите при справување со феноменот организиран криминал

2005 | 2006 | 2007

# Ефикасноста на судовите при справување со феноменот организиран криминал 2005, 2006, 2007 година

Скопје, февруари 2008

# Ефикасноста на судовите при справување со феноменот организиран криминал 2005, 2006, 2007 година

**Автор:** *Виолета Велкоска*

**Издавач:** *Коалиција "Сите за правично судење"*
*ул. Македонија бр. 11/2-10*
*1000 Скопје, Р. Македонија*
*тел./факс: ++389 2 3215-263*
e-mail: contact@all4fairtrials.org.mk
www.all4fairtrials.org.mk

**За издавачот:** *Петре Мркев, претседател*

**Уредник:** *Виолета Велкоска*

**Техничко уредување и печат:** *ЕМИТЕР - Скопје*
*тел./факс: (02) 3115-111*
e-mail: emiter@unet.com.mk

**Корица:** **PROMO**DSGN
www.promo.com.mk

**Поддржано од:**

Organization for Security
and Co-operation in Europe
OSCE Spillover Monitor
Mission to Skopje

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје;



Јас со боговите не сум ист!
далеку се од мене тие;
со црвот сум ист што низ правот рие,
и додека во правот се храни, живее и лази
ја наоѓа својата смрт, кога минувачот ќе го згази

Гете

# Содржина

**Благодарност** ........ 9

**Вовед** ........ 10

**Кратко резиме** ........ 13

**Глава I. Коалиција "Сите за правично судење" ........ 17**

1. Мисија цели и активности ........ 18

- Визија ........ 18
- Мисија ........ 18
- Цели на Коалицијата ........ 18
- Активности на Коалицијата ........ 18

2. Набљудувани предмети пред основните судови во Р. Македонија во рамките на Проектот "Ефикасноста на судовите при справување со феноменот организиран криминал" ........ 17

**Глава II. Законска регулатива на одредени кривични дела од областа на на организираниот криминал во Р. Македонија ........ 23**

3. Делото Трговија со луѓе согласно Кривичниот законик на Република Македонија ........ 24

- Санкционирање на клиентите ........................................ 27
- Декриминализација на жртвите на трговија со луѓе .................... 30
- Санкционирање на организирање на група и поттикнување на извршување на трговија со луѓе ........................................ 30
4. Посредување во вршење проституција и трговија со луѓе ................ 31
5. Кривично дело Криумчарење на мигранти ................................ 34
6. Кривично дело Злоупотреба при вршење на службена должност ............ 34
7. Кривично дело Примање поткуп ........................................ 35
Заклучоци и препораки ................................................ 37

**Глава III. Некои карактеристики на организираните криминални групи во Р. Македонија ........................................ 39**

8. Степенот на организираност на сторителите на делата од областа на организираниот криминал во Р. Македонија ................................ 40
- Етничка припадност на обвинетите ................................... 42
- Возраст на обвинетите ............................................. 43
- Образование на обвинетите ......................................... 45
- Рецидивизам ....................................................... 46
- Занимање на обвинетите ............................................ 46
9. Дејствувањето на организираните групи во насока на спречување на успешната борба против трговијата со луѓе ................................ 47
Заклучоци и препораки ................................................ 50

**Глава IV. Механизми во борбата против трговијата со луѓе ........... 55**

10. Стратегија и акционен план на Р. Македонија за борбата против трговијата со луѓе ................................................ 56

11. Национален и транснационален механизам за упатување ........................ 58
12. Посебните истражни мерки како дополнителна алатка во борбата против трговијата со луѓе и другите форми на организираниот криминал ...................... 59
- Употреба на истражните мерки во практиката ................................................ 61
- Слабостите при имплементацијата на истражните мерки ............................... 63
13. Заштита на жртвата сведок ................................................................................ 64
Заклучоци и препораки ........................................................................................... 69

**Глава V. Жртвата на трговија со луѓе ........................................... 71**
14. Ситуацијата со жртвите во Република Македонија ........................................ 72
15. Законската регулатива на статусот на жртвите на трговија со луѓе ........ 74
16. Заработувачката на трговците со луѓе, механизмите за одземање на истата со цел компензација на жртвата ........................................................................ 80
17. Овозможување на адекватен надомест на жртвите на трговија со луѓе ... 82
Заклучоци и препораки ........................................................................................... 87

**Глава VI. Времетраење на постапката ........................................... 91**
Заклучоци и препораки ......................................................................................... 104

**Глава VII. Одмерување на казната во предметите во врска со делата на организираниот криминал ............................................................ 106**
Заклучоци и препораки ......................................................................................... 119

# Благодарност

Почитувани,

Пред Вас е уште еден Извештај од Проектот "Ефикасноста на судовите при справување со феноменот организиран криминал", кој е фокусиран на прашањата што ја третираат проблематиката на посебните истражни мерки, конфискацијата на имот и компензацијата на оштетените лица во постапката, заштитата на правата на жртвите од трговија со луѓе, времетраењето на постапката, како и казнената политика во Република Македонија.

Во Извештајот се сумирани резултатите од набљудувањето на предметите од областа на организираниот криминал пред домашните судови во текот на 2005, 2006 и дел од 2007 година, и со анализа на овие резултати е остварена и целта на Проектот, а тоа е оцена на функционирањето на постоечките механизми во борбата против организираниот криминал и успешноста во сузбивањето на овој растечки феномен.

Одговорно лице за координација на проектните активности, анализирање на добиените податоци и пишување на Извештајот е Виолета Велкоска, која безрезервно ги заслужува сите позитивни критики. Целиот овој процес беше несебично помогнат со професионалниот ангажман на проект-асистентите Михаил Готовски и Ана Бошкоска, како и на набљудувачите кои беа директно инволвирани во следењето на предметите и без чија помош и поддршка овој труд немаше да изгледа вака.

Би сакал да изразам особена благодарност до Мисијата на ОБСЕ во Скопје, чии сугестии во текот на реализирањето на проектните активности дадоа квалитетен придонес на истиот, како и за финансиската поддршка од нивна страна без која имплементацијата на овој Проект не ќе беше можна.

Коалиција
"Сите за правично судење" – Скопје
Александар Келтаноски,
*Извршен директор*

# Вовед

*"Слободата е битно својство на човекот*
*од кое тој не може да се откаже а да не престане да биде човек",*
*Паскал*

Појавата и развојот на трговијата со луѓе, како едно од најгрубите прекршувања на човековите права во време на ваква модернизација, технологија, наука и развој на човечкото општество, претставува дамка во историјата на човештвото и, пред сè, тест пред кој се исправаат институциите на системот, организациите, граѓаните во светот. Тест кој мора да се помине доколку навистина сакаме нашата иднина да биде дел од една развиена демократска средина чијшто основен постулат е почитување на основните човекови слободи и права[1].

> *....Фактот дека ропството, во форма на трговијата со луѓе, се уште постои во 21. век, нè засрамува сите. Владите, меѓународните организации и граѓанското општество вложуваат напори да се справат со него, но со уште не постојат доволно податоци за раширеноста на оваа трагедија. Само преку разбирање на  нејзината големина можеме да креираме политики за борба против неа....*[2]

Огромен број на преземени иницијативи и активности, односно огромен број на креирани документи, како на меѓународно така и на национално ниво, голем број на изградени механизми и модели за спречување на ова зло и санирање на неговите последици  се, за жал, само почетен дел од патот кој треба да се изоди. Имено, и покрај напорите вложени досега, трговијата со луѓе сè уште зазема широк замав и предизвикува понатамошна штета на огромен број жртви[3].
Република Македонија повеќе од десетици години се соочува со овој проблем. Иако овој феномен датира од многу поодамна, добива на интензитет во 1998 година за вистинска експанзија да доживее од 2001 до 2003 година во конфликтниот, односно постконфликтниот период. По оваа година официјалните статистики (бројот на обвиненија поднесени пред судовите иако не и бројот на предмети кои се активни, затоа што постои голем расчекор помеѓу времето на извршување на делото и времето на судењето) бележат намалување. И покрај ваквата состојба, односно немање нови предмети на трговија со луѓе пред судовите (или барем сведување на истите на исклучок), се проткајува мислењето дека  феноменот трговија со луѓе во Македонија не бележи опаѓање туку промена во појавните облици, што ги затекнува неподготвени органите на прогон во процесот на идентификација.
Во обидот за изградба на најадекватен одговор  на нашата земја кон оваа проблематика се преземени голем број на законодавни и институцијални промени. Тргнувајќи, пред сè, од новата регулатива на делото

[1] ...Трговијата со луѓе е одвратна злоупотреба на човековите права и сериозен криминал кој бара поцелосен и координиран одговор од страна на државите и меѓународната заедница, како и кохерентен и координиран пристап меѓу државите, поточно земјите на потекло, транзит и дестинација. (Одлука на Виенскиот министерски совет број 1,2000)
[2] Antonio Maria Costa, Извршен директор, United Nations Office on Drugs and Crimes
[3] Пресметките се движат од 800 000 до 900 000 лица годишно, Creating international consensus  on Combating Trafficking in Persons , US Policy, the Role of the UN and Global responses and Challenges, Linda Smit and Mohamed Mattar

Трговија со луѓе од 2002 година во Кривичниот законик[4], која беше обврска на нашата држава како последица на потпишаната Конвенција против транснационалниот организиран криминал и двата протокола[5], преку промената во 2004 година[6], кога ова дело е инкриминирано во онаа форма во којашто е и денес, па сѐ до новите предлог-измени коишто треба да заживеат во најскоро време.
Значајни се промените во Законот за кривична постапка од 2004 година, коишто завлегоа во одредби од особено значење за процесот на справување со трговијата со луѓе, како, на пример, олеснување на постапката за обезбедување компензација на жртвите на трговија со луѓе, обезбедување дополнителна заштита на жртвите-сведоци, воведување на посебните истражни мерки како битни алатки за обезбедување на докази во постапката итн.
Реорганизацијата во Јавното обвинителство преку воспоставувањето на Одделението за гонење на сторителите на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата, како и на Царинската управа и Финансиската полиција, на Министерството за внатрешни работи и Формирањето на специјализирани судски одделенија надлежни за судење на делата од областа на организираниот криминал во пет основни судови во Македонија, се само дел од промените направени со цел поуспешна борба против трговијата со луѓе.

Со донесувањето на стратегијата и националниот план од страна на Владата на Р. Македонија и со изградбата на националниот и транснационалниот механизам за упатување, во чии рамки се координираат субјектите во процесот на овозможување жртвата да дојде до своите права, се поставија основите за поуспешно и покоординирано дејствување против трговијата со луѓе.

Воедно, не смее да се заборави значајниот придонес на невладиниот сектор особено во обезбедување помош на жртвите на трговија со луѓе, како и во однос на процесот на детектирање на пропустите и слабостите на органите повикани да се справат со овој проблем.

Меѓутоа, она што со уште недостига во рамките на севкупните напори на сите актери во борбата против трговијата со луѓе како форма на организираниот криминал, а воедно и борбата против другите форми на ова општествено зло, се темелните истражувања.

> *"... Истражувањата на појавните облици и на етиологијата на организираниот криминал кај нас се под толерантното рамниште на една минимална сериозна опсервација, што би можело да се означи како почетна фаза...."*[7]

[4] Во понатамошниот текст КЗ, "Службен весник на Република Македонија" бр.4 од 25 јануари 2002 год.
[5] Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал со протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица, особено жени и деца, и протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат беа потпишани од страна на Република Македонија во 2000 год. "Конвенција на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал со протоколите (коментари, прилози, појаснувања и препораки)", Министерство за правда.
[6] Службен весник на РМ (37/96; 80/99; 4/02; 43/03); бр.19/04
[7] В. Камбовски, Организираниот криминал во Р. Македонија, Организиран криминал, стр.137, Скопје 2005

Основа за секоја понатамошна активност, а воедно и проверка на постигнатите резултати од веќе презенените чекори во борбата против организираниот криминал, претставува состојбата на поседување на квалитетни сознанија, што е возможно само преку детална анализа на сите фактори кои се во корелација со односната тема.

Преку анализа на постигнатите резултати во темите од доменот на трговијата со луѓе во земјата, како и другите појавни облици, односно дела на организираниот криминал и, пред сè, преку врзување на сите тие теми во една заедничка целина, може да се креира поопшта претстава за функционирањето на механизмите, односно институциите во борбата против ваквиот криминал.

# Кратко резиме

Континуираното повеќегодишно набљудување на судските предмети од областа на организираниот криминал а, пред сè, трговијата со луѓе, посредувањето при вршење проституција и криумчарењето на мигранти, од страна на Коалицијата "Сите за правично судење", овозможи добивање на подобра претстава за развојот на овие феномени, како и за одговорот на институциите и органите на системот на тој развој. Заклучоците во однос на состојбата во судската практика, донесени во првите две години од набљудувањето пред основните судови, добија своја верификација и во 2008 година. Воедно, се наметнаа и нови, како резултат на спроведените попродлабочени анализи.

Имено, во Р. Македонија регистрираните предмети во врска со делото "Трговија со луѓе" во судската практика главно се однесуваат на трговија заради сексуална експлоатација. Како пасивен субјект се јавуваат само женски лица. И покрај рашireното верување на професионалците кои се задолжени за справување со овој криминал дека во последниот временски период делото Трговија со луѓе најчесто се реализира со користење на услуги на салони за убавина и масажа, за жал, судската практиката не исфрла на површина ниту еден пример на казнување на правно лице. Преку внесување одредба за казнување на секој којшто користи сексуални услуги од лице за кое знае дека е жртва на трговија со луѓе, Р. Македонија се издигна во категоријата на држави коишто го адресираат прашањето за побарувачката како еден од битните предуслови за постоење и развој на трговијата со луѓе. Меѓутоа, осамениот случај во практиката на едно подигнато обвинение против ваков сторител[8] не може да одговори на прашањето дали постојат влијанија, односно промени кај однесувањето на корисниците (особено мажите) на услугите од сексуалната експлотација  со пропишување санкција.

Како еден од индикаторите за степенот на организираноста на криминалните групи во нашата земја во рамките на различни дела од областа на организираниот криминал, се зеде предвид бројот на лица што учествувале во еден кривичноправен настан. Имено, во 39% од случаите во рамките на сите предмети, три или повеќе лица партиципирале во едно дело. Овој процент изнесува 29 кај Трговијата со луѓе и Посредувањето во проституција, односно 38 кај делата Криумчарење на мигранти.

Етничката хомогеност на членовите на групите коишто имаат минимум три лица, е најголема во делата Трговија со луѓе (100%), додека, пак, најголема разновидност постои во предметите во врска со кривичните дела од чл. 418б и 418в од КЗ. За разлика од кривичните дела Посредување при вршење на проституција и Трговија со луѓе, каде што како обвинети лица преовладуваат припадници на албанската етничка заедница, во делата Поткуп и Злоупотреба на службена положба и овластување, во поголем број  Македонците се јавуваат како обвинети пред основните судови во Р. Македонија.

Кај делото Трговија со луѓе кај обвинетите лица преовладува старосната група од 31 до 35 години (со 36%), додека, пак, кај делото по чл. 191 од КЗ највисок процент (28) зазема старосната група од 36 до 40 години.

[8] Од кое јавниот обвинител се откажал при повторување на постапката по враќање од второстепена интанца

Криумчарите на мигранти често се помлади лица, односно покрај категоријата од 36 до 40 год. со исти 20 % е застапена категоријата од 26 до 30 години. Од друга страна, пак, кај делото Злоупотреба при вршење на службена должност и овластување преовладуваат извршители со над 46 години старост (дури 67 %).

Речиси една четвртина од обвинетите лица за делата од областа на организираниот криминал претходно биле осудени за друго дело. Притоа, рецидивизмот е најмногу застапен кај кривичните дела Трговија со луѓе, со 54% од вкупниот број на обвинети лица за ова дело, и Посредување при вршење на проституција, со 48%.

Посебните истражни мерки иако имплементирани во ЗКП пред речиси три години со уште немаат заживеано во домашната практика во рамките на предметите во врска со трговијата со луѓе. Најголем број  од нив се изречени кај делото Криумчарење на мигранти. Притоа, најчеста е мерката "Тајно набљудување, следење и визуелно-тонско снимање на лица и предмети со технички средства".

Во поглед на примената на двата посебни начини на испитување на сведокот, односно можноста сведокот да биде сослушан само во присуство на судијата и јавниот обвинител, на место кое гарантира заштита на идентитетот, како и употреба на телефонска или видеоконференциска врска, нашата земја сè уште се наоѓа во експериментална фаза.

И покрај законската можност за намирување на имотноправното барање поднесено во кривичната постапка од конфискуваните средства на сторителот доколку се поведе спор во рок од шест месеци од денот на правосилноста на одлуката со која односното лице, односно оштетената жртва е упатена на спор, за жал, реализација на оваа одредба не е можна доколку не постои почеста практика на конфискација на имотот на трговците со луѓе. Имено, одредбите за конфискација на имот или имотна корист прибавена со кривичното дело, како и одредбите за привремено обезбедување имот или средства што се во врска со тоа дело, сосема исклучително се применуваат во предметите во врска со трговијата со луѓе. Имено, само спрема 6 лица била изречена конфискација на имот. Истите се осудени за кривичните дела Злоупотреба при вршење на службена должност и овластување и Перење пари, во Основниот суд во Скопје.

Скромниот број на изречените надоместоци за нематеријална штета на жртви на трговија со луѓе (три) говори во прилог на ставот дека нашата земја не може да се пофали со добра практика на компензирање на жртвите.

Процентот на предмети кои биле одложени на подолг временски период од 60 дена, а со самото тоа и однапред "осудени" на повторно започнување, изнесува 26 од вкупниот број одлагања во Основниот суд во Гостивар, 4 во Основниот суд во Битола, 37 во Основниот суд во Охрид, 14 во Основниот суд во Тетово и 1 во Основниот суд во Скопје.

Отсуството на учесниците во постапката чиешто присуство е неопходно за одржување на главниот претрес, се јавува како најчеста причина за одлагање (47%) на постапката кај сите дела. Притоа најголем процент (18%) отпаѓа на обвинетиот и на неговиот бранител (13%).

Имено, обезбедувањето на присуството на главните учесници во постапката претставува најголем проблем во Основниот суд во Тетово, со највисоки 75%, додека, пак, најмал во Основниот суд во Скопје (15%).

Присуството на сведоците во постапката најтешко се обезбедува во  предметите во врска со делото Посредување во вршење проституција.

Анализата на времето поминато од моментот на прием на обвинителен акт во судот (односно решавање по приговор), па сè до закажување на првото рочиште коешто би требало да изнесува најмногу 30 дена, покажува дека само во 4 случаи (12%) овој инструктивен рок бил испочитуван. Просечното времетраење во практиката на домашните судови на овој период е барем трипати подолго од законски определениот рок.

Просечната должина на постапката во предметите во врска со делото Посредување при вршење на проституција изнесува 630 дена, додека во предметите во врска со делото Трговија со луѓе е 386. Делата Криумчарење на мигранти се судат за просечно време од 188 дена. Значително побргу завршуват предметите во врска со делата Злоупотреба на службена положба и овластување, како и Примање поткуп.

Во 26 % од вкупниот број изречени казни затвор за делата од областа на организираниот криминал станува збор за употреба на институтот ублажена казна. Најголемиот број од нив се донесени во рамките на предметите во врска со делото Криумчарење на мигранти.

Во рамките на сите пресудени предмети, во 82% од случаите  станува збор за осудителна, додека во 12% за ослободителна пресуда. Притоа, најголем број на ослободителни пресуди постојат кај делата Посредување при вршење проституција и Трговија со луѓе.

Сите горенспоменати заклучоци кои се проткајуваат и низ текстот на Извештајот имаат за цел да помогнат во идентификацијата на проблемите во практиката коишто претставуват пречка во процесот на справување на феноменот трговија со луѓе, односно организираниот криминал. Воедно, самиот Извештај претставува само уште една алатка која на институциите и органите на системот може да им помогне за поквалитетно извршување на  нивната улога во борбата против овој криминал.



# Глава I
# Коалицијата
# ''Сите за правично судење''

# 1. Мисија, цели и активности

Коалицијата на здруженија на граѓани "Сите за правично судење" - Скопје претставува организација во која членуваат 17 невладини организации од целата територија на Република Македонија и тоа:

МОСТ - Скопје, Младински образовен форум - Скопје, СППМД - Кавадарци, ЦДР - Тетово, АРКА - Куманово, ФЕМИНА - Куманово, АДИ - Гостивар, Здружение за правата на Ромите АРРП - Штип, Хелсиншки комитет за човекови права - Скопје, Здружение за заштита на правата на детето - Скопје, МЕЃАШИ - Скопје, ПХУРТ - Делчево, ГИЦ Спектар - Штип, Темис - Скопје, Месечина - Гостивар, Граѓанска асоцијација - Битола, Здружение на тиквешки Роми.

## Визија

Моќна и стабилна организација, двигател и партнер на институциите на системот во настојувањето Република Македонија да се издигне како земја во која целосно ќе се почитуваат човековите права и слободи, со посебен акцент на стандардите за правично судење, како елементарен услов за интегрирање во Европската унија.

## Мисија

Следење на почитувањето на човековите права и слободи, особено на меѓународните стандарди за правично судење, преку разни форми на дејствување во настојувањето да се зголеми нивото на нивното имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи, како и да се поврати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот.

## Цели на Коалицијата

- Зголемување на почитувањето на човековите права и основните слободи, особено во доменот на меѓународните стандарди за правично судење;
- Јакнење на довербата на граѓаните во институциите на системот;
- Идентификување на проблемите со кои се соочуваат институциите на системот и изнаоѓање начин за нивно надминување;
- Подигнување на свеста на граѓаните за нивните права загарантирани со Уставот, законите и меѓународните документи.

## Активности на Коалицијата

Коалицијата "Сите за правично судење" стремејќи се да ја помогне имплементацијата на Националната програма на Владата на Република Македонија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција,

во ноември 2004 година започна со реализација на проектот "Набљудување на предмети од областа на трговијата со луѓе во Република Македонија".

Притоа нејзиното внимание беше насочено кон предметите во врска со кривичните дела: „Трговија со луѓе" (чл. 418-а од Кривичниот законик[9]), „Криумчарење на мигранти" (чл. 418-б од КЗ), Организирање на група и поттикнување на извршување на делата „Трговија со луѓе" и „Криумчарење на мигранти" (чл. 418-в ), „Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос" (чл. 418), како и „Посредување во вршење проституција" (чл. 191 од КЗ).

Врз основа на податоците добиени со набљудувањето на предмети во текот на 2005 год., беа изготвени анализите и заклучоците во Извештајот[10] "Сузбивање на трговијата со луѓе низ практиката на домашните судови".

Во 2006 година Коалицијата продолжи со следење на предмети во врска со трговијата со луѓе сега веќе во рамките на проектот „Казненоправниот одговор на организираниот криминал". Дополнително, со цел да помогне во идентификација на појавните облици на организираниот криминал во Р. Македонија, во креирањето претстава за постоечките механизми етаблирани од страна на различни надлежни ентитети и нивната соодветност во справувањето со овој феномен, Коалицијата во април 2006 год. го прошири доменот на набљудувањето и на други кривични дела. Притоа сè уште имајќи ги во центарот на вниманието "Трговијата со луѓе" и "Криумчарењето на мигранти", како една од формите на организираниот криминал.

Како резултат на анализата на обработените информации од 2005 и 2006 година, беше изготвен Извештајот „Казненоправниот одговор на организираниот криминал".

Заради континуирано следење на феноменот организиран криминал и добивање поквалитетни податоци (пред сè, претстава за развојните движења на појавите врзани за овој феномен), Коалицијата продолжи со набљудување и во 2007 година.

Во текот на трите години, набљудувачкиот процес го вршат искусни и обучени набљудувачи коишто преку пополнување на прашалници за набљудување на предмети од областа на организираниот криминал, податоците за судењето ги доставуваат во националната канцеларија. Истите се внесуваат во посебно изработена дата-база (СПСС програм), којашто овозможува понатамошно вкрстување и систематизација. Резултатите од последните анализи за периодот од јануари 2005 до октомври 2007 година, се прикажани во овој Извештај.

[9] Службен весник на РМ 37/96; 80/99; 4/02; 43/03; 19/04, во понатамошниот текст КЗ
[10] www.all4fairtrials.org.mk

# 2. Набљудувани предмети пред основните судови во Македонија во рамките на проектот "Ефикасноста на судовите при справување со феноменот организиран криминал"

Коалицијата во 2005 год. во рамките на едногодишниот проект "Набљудување на предмети во врска со трговијата со луѓе" набљудуваше 35 предмети на 143 рочишта за кривичните дела "Трговија со луѓе","Посредување при вршење проституција" и "Криумчарење на мигранти". Следењето на судски предмети кое продолжи и во 2006 година, покрај претходно споменатите кривични дела се прошири и на другите форми на организиран криминал. Притоа, во периодот од јануари 2005 до декември 2006 беа набљудувани вкупно 61 предмети на 334 рочишта против 178 обвинети лица.

Со цел добивање поквалитетни заклучоци и: во однос на движењето и развојот на некои појави од областа на организираниот криминал, а тргнувајќи, пред сè, од премалиот број спроведени истражувања во нашата земја во однос на овој феномен и недостигот на податоци со цел креирање на појасна претстава за истиот, Коалицијата и во 2007 година своето внимание го посвети на предмети коишто од страна на Јавното обвинителство, односно на Одделението за гонење на сторителите на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата беа утврдени како предмети во рамките на темата организиран криминал.

Како резултат на речиси тригодишно набљудување е направена анализа на вкупно 75 предмети[11] во рамките на 466 рочишта, а во врска со 278 обвинети лица.




[11] Во четири предмети коишто се водат за кривичното дело "Криумчарење на мигранти", дел од обвинетите се товарат и за чл. 418в од КЗ на РМ, меѓутоа во врска со Криумчарењето на мигранти (а не Трговија со луѓе). Воедно, и во други предмети се јавуваат обвиненија по две различни кривични дела, меѓутоа предметот се регистрира согласно она дело коешто преовладува кај поголемиот број на обвинети лица во рамките на еден предмет.

Притоа со најголем број преовладуваат предметите што се однесуваат на делата од чл. 418а, 418б и 418в, како и чл. 191 од КЗ на РМ[12].

Приказ на само нови предмети по години



| | 418а | 418б/в | 191 |
|---|---|---|---|
| 2007 | 2 | 2 | 0 |
| 2006 | 3 | 10 | 6 |
| 2005 | 11 | 8 | 16 |

Број на обвинети по кривично дело




[12] Разликата во однос на податоците за бројот на предмети по вид на кр. дело во 2006 година прикажани во Извештајот на Коалицијата "Казненоправен одговор на организираниот криминал", стр. 22, произлегува од промената во обвинителниот акт по однос на кривичното дело кое им се става на товар.

Од вкупниот број обвинети лица, најголем процент (25%) отпаѓа на лица обвинети за кривичното дело по чл. 418б (Криумчарење на мигранти) од КЗ. Помал е бројот на обвинети лица за делата од член 418в од КЗ (17%), Посредување при вршење проституција (12%) и Трговија со луѓе (12%).



# Глава II.
# Законска регулатива на одредени кривични дела од областа на организираниот криминал во Македонија

# 3. Делото "Трговија со луѓе" согласно Кривичниот законик на Република Македонија

*"Ниеден граѓанин не смее да биде толку богат за да може да купи друг,*
*ниту пак толку сиромашен за да мора да се продаде"*
*Русо*

По потпишување на Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал и нејзините два протокола, а со цел усогласување на домашното законодавство со истата, Република Македонија со промените во Кривичниот законик од 2002 год. го воведе новиот член 418-а со наслов "Трговија со луѓе". Набргу, со измените и дополненијата на Кривичниот законик во 2004 година, овој член подлегна на промени. Во 2007 година веќе е изготвен предлог-закон за измена и дополнување на КЗ којшто со неколку одредби се осврнува токму на кривичното дело Трговија со луѓе.

Согласно сегашната регулатива (крај на 2007 год.), кривичното дело Трговија со луѓе е пропишано во триесет и четвртата глава од Кривичниот законик, во рамките на делата против човечноста и меѓународното право.

Делото (основниот облик од став 1) од чл. 418-а го врши тој кој со сила, сериозна закана или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојба на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човечкото тело.

Значи, Трговија со луѓе претставува сложено кривично дело чие **дејствие на извршување** се состои од врбување[13], превезување, пренесување, купување, продавање, засолнување или прифаќање лица.

И покрај тоа што како **пасивен субјект** во сите регистрирани случаи од страна на надлежните органи, институции и организации во Република Македонија во делата на трговија со луѓе се јавуваат само женски лица[14], нашиот Кривичен законик обезбедува заштита како на женски така и на машки лица. Воедно, возраста

[13] Сознанија и индикатори за ризиците од вовлекување во трговијата со луѓе на млади лица на средношколска возраст, "Проценка на ставовите и сознанијата на средношколската популација за феноменот на скриена проституција и трговија со луѓе", ХОПС, Скопје, 2004, стр.34

[14] Согласно Извештајот на Коалицијата "Сите за правично судење", сите 75 жртви регистрирани во предметите на трговија со луѓе набљудувани пред основните судови, биле од женски пол ("Казненоправен одговор на организираниот криминал", февруари 2007, Скопје, Виолета Велкоска). Извештајот на ИОМ од 2004 година (Trafficking in Men for Sexual Exploitation, Changing Pattern and trends of Trafficking in Persons in the Balkan Region, page 81) говори за само еден случај на пријавено дело Трговија со луѓе каде жртва биле

на пасивниот субјект е критериум за одредување на висината на предвидената казна затвор. Имено, кога како жртва се јавува возрасно лице, за сторителите на делото е предвидена казна затвор во висина од минимум четири години, додека пак доколку станува збор за лице помладо од 18 години, тогаш тоа претставува основа за построго казнување (регулирано во став 2 и став 5 од членот со минимум казна затвор од 8 години).

Една од забелешките на меѓународната заедница во однос на дискрепанцијата помеѓу нашето законодавство и конвенција на ОН против транснационалниот организиран криминал, односно протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица, особено жени и деца, се однесува токму на неусогласеноста на поимот "дете", којшто согласно Конвенцијата се однесува на секое лице помладо од 18 години[15], додека, пак, согласно домашниот закон се однесува на секое лице до 14 години.  Периодот од 14 до 18-годишна возраст го покрива поимот малолетник[16].

И покрај очигледната терминолошка разлика, не смее да се заборави дека одредбата од Кривичниот законик предвидува построга санкција за трговците со луѓе кога станува збор за жртва којашто е "дете или малолетно лице", односно обезбедува дополнителна заштита за секое лице помладо од 18 години.

Новиот предлог-закон за измена и дополнување на КЗ овозможува премостување на терминолошкиот проблем и како дете го третира секое лице под 18 години.

Интересно прашање е и третирањето на согласноста на пасивниот субјект да биде изложен/а на експлоатација. Имено, во ситуација кога постојат некој/и од конститутивните елементи на делото (опишани подолу), односно кога жртвата е принудена, заплашена, измамена или, пак, кога е под контрола на некое друго лице, тогаш тешко може да се говори за релевантна и валидна согласност на состојбата во којашто жртвата е ставена. Дотолку повеќе во ситуација кога како жртва се јавува дете (помладо од 18 год.). Согласно одредени автори[17] согласноста на жртвите да бидат експлоатирани во голем број на случаи во практиката на судовите е третирана како олеснителна околност која доведува до изземање или намалување на одговорноста на сторителите на делото Трговија со луѓе. Имено, прашањето за претходното знаење на жртвите за нивната инволвираност во давањето на сексуални, за жал, услуги сè уште се чини,  дека

---

две лице од машки пол, државјани на Молдавија. Истите при обидот да заминат за Грција биле продадени од страна на женско лице - Македонка и биле експлоатирани за давање на сексуални услуги навечер додека преку ден за работа во градежништво. Лицата при враќање во матичната земја го пријавиле делото и истите не биле дел од постапката на нашите судови.

[15] чл. 3 т. д од Протоколот

[16] Децата во светот се тргувани заради: проституција, порнографија, присилна работа, питачење, посвојување итн. Во Република Македонија прашањето за злоупотребата на децата заради питачење подолго време предизвикува загриженост. За жал, ниедно официјално истражување за проценка на ситуацијата сè уште не е спроведено, иако се смета дека ромската популација претставува посебно ранлива категорија.

[17] Македонските органи на прогон ја признаваат изјавата (согласноста) на жртвата како доказ од првенствено значење. Кон прирачникот за јавни обвинители во кривичниот прогон на трговијата со луѓе, стр. 27, Владимир Данаилов, Стерјо Зиков, ИОМ Скопје

има влијание при оцената дали личноста да се третира како жртва или не. Токму прифатениот став дека овие лица знаеле или можеле да претпоставуваат дека ќе бидат ангажирани во давање на вакви услуги, а со самото се согласиле за делото, особено кај персоналот којшто е надлежен за идентификација на жртвите, претставува/ло пречка на обезбедувањето на адекватен третман на жртвите и, пред сè идентификување на истите како жртви. Последното автоматски е во директна корелација со обезбедување пристап до нивните права.

Нашиот Кривичен законик не ја адресира оваа проблематика. Исправка прави новиот предлог-закон за измена и дополнување на КЗ, во којшто децидно стои дека согласноста на жртвата не е од значење за постоење на делото.

Законското битие на делото го определуваат две значајни околности и тоа: начинот на извршување на делото и намерата поради која истото се врши.

Притоа како начини на извршување на делото се јавуваат: присилбата, односно употребата на сила или сериозна закана, грабнувањето, измамата, злоупотребата на положбата или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или давањето или примањето пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола над лицето со кое се тргува. За разлика од измамата и присилбата, коишто најчесто се сретнуваат на територијата на Р. Македонија, како составен дел од делото Трговија со луѓе, грабнувањето и примање пари се појавуваат повеќе како исклучок отколку како правило.

> *Согласно исказот на жртвата даден на записник пред истражен судија во предмет набљудуван пред Основниот суд во Тетово (Тет 002) на истата во јануари 2002 додека чекала автобус во Темишвар двајца и пришле и ја испрскале со спреј во очите. Ја ставиле во возило и од Романија ја донеле во кафеана во Р. Македонија.*

Заслужува внимание и податокот овој член 2, покрај употребата на сила, закана, измама или злоупотреба на положбата да, ги опфаќа оние начини на извршување што значат искористување на ранливоста на жртвата:... состојбата на бременост, немоќта или физичката или менталната неспособност на друг...

Во два набљудувани случаи пред основните судови, жртвите имале слаба ретардација.

> *Во предмет набљудуван пред Основниот суд во Гостивар (Гос 012) во текот на март 2004 год. брачен пар со измама ја донеле оштетената во нивната семејна куќа, по што ја присилувале да дава сексуални услуги на повеќе лица во една од собите. Со вештачење е утврдено дека оштетената е со лесна психофизичка попреченост. Ваквата нејзина состојба била искористена од страна на обвинетите кои и ветиле дека во Гостивар ќе и најдат работа, по што ја донеле во својата куќа со намера сексуално*

*да ја експлоатираат. Како последица од давањето на ваквите услуги оштетената останала бремена, поради што била подложена на абортус.*

Намерата на сторителот којашто мора да постои заедно со некој или некои од горенаброените начини на извршување на делото, во одредени ситуации ја определува дистинкцијата помеѓу ова кривично дело и делото Криумчарење на мигранти. Имено, умислата на трговецот содржи свест дека со лицето се тргува заради проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилен брак, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човечкото тело (притоа, состојбата на ропство, присилната работа, незаконитото посвојување итн. не мора задолжително да настапиле). Кај делата Криумчарење на мигранти умислата на сторителот се протега само до активноста на нелегалното преминување на државна граница[18]

Во Република Македонија регистрираните предмети во судската практика главно се однесуваат на тргување заради сексуална експлоатација.

Присилните бракови, доколку се земат предвид историските и културолошките фактори кои влијаат, особено во некои од помалку развиените делови во Р. Македонија, реално би било да се очекува да претставуваат почеста појава, односно форма на трговија со луѓе. За жал, во постапката пред надлежните органи ваквите случаи воопшто не се регистрирани. Недопуштено пресадување делови од човечкото тело коешто е самостојно дело во Кривичниот законик (чл. 210), иако е во центарот на вниманието на стручната јавност веќе подолго време, сепак, нема своја рефлексија во формалната постапка. Имено, ниедно лице не е санкционирано за делото Трговија со луѓе по овој основ. Последното се однесува и на принудната работа или слугување, односно ропство, присилната фертилизација и незаконитото посвојување.

Во ставот 3 од член 418 а, се предвидуваат санкции за она лице кое ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга идентификациска исправа заради вршење на делото.

## Санкционирање на клиентите

Размислите на модерното општество се движат во насока на воспоставување и развој на механизми за елиминација на побарувачката на сексуални услуги на експлоатирани жени и девојки. Имено, согласно протоколот на КТОК (чл. 9, став 5), државите-членки се должни да усвојат, односно да ги зајакнат законските и други мерки (било да се тоа образовни, социјални или културни мерки) со коишто би се влијаело

[18] И покрај постоењето на многу допирни точки помеѓу овие две кривични дела, како и проблеми во практиката при нивното раздвојување, сепак, разликата се гледа во неколку основни елементи:
1. Трговијата со луѓе е дело против индивидуа, додека криумчарењето е дело против државата;
2. Трговијата може да биде внатрешна и надворешна, додека криумчарење изискува преминување на државна граница;
3. Согласноста на жртвата на трговија со луѓе е ирелевантна, додека мигрантот главно е согласен нелегално да влезе во земјата.

на намалувањето на побарувачката со која се потхрануваат сите форми на експлоатација, особено на жените и децата[19]. Воедно и Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа говори за етаблирање на користењето на услугите на жртвите на трговија со луѓе како  кривично дело. Притоа се бара постоење на свест дека лицето чии услуги се користат е жртва на трговија со луѓе.

Република Македонија е една од ретките земји којашто (во ставот 4 од членот 418-а), утврдува казнување на секој којшто користи сексуални услуги од лице за кое знае дека е жртва на трговија со луѓе[20].

Исклучителното изрекување на санкции (доколку воопшто) по овој основ не можат да конфирмираат постоење на врска помеѓу намален број на дела од областа на трговијата со луѓе и влијанија, односно промени кај однесувањето на корисниците (особено мажите) на услугите од сексуалната експлотација.

Од вкупно 16 набљудувани предмети во врска со делото Трговија со луѓе, само во еден од нив е подигнато обвинение по став 4 од чл. 418а.

*Во предмет набљудуван пред Основниот суд во Тетово (Тет 006) е донесена пресуда согласно која две лица се ослободуваат од обвинение по чл. 418-б, ст. 2 (дејствие на извршување: засолнување мигранти), додека едното од нив е прогласено виновно за кривичното дело Трговија со луѓе по став 5[21] од чл. 418 а, за што е изречена казна затвор во траење од година дена (затоа што илегално ја пренел жртвата преку граница и ја засолнил на повеќе места во Тетово, иако знаел дека е жртва на трговија со луѓе). Делото (се работи за трајно кривично дело) започнало во април 2002 год. и неговата противправна состојба траела со до ноември 2004 година. Тргнувајќи од чл. 30 од КЗ, согласно кој делото е сторено во време кога сторителот работел или бил должен да работи без оглед кога настапила последицата, како и од чл. 3 од КЗ, кој предвидува дека врз сторителот ќе се применува законот што важел во време на извршување на делото а доколку законот се промени ќе важи законот што е поблаг за сторителот, судот сметал дека, со оглед на тоа што инкриминацијата на делото криумчарење на мигранти е извршена со законските промени во месец април 2004 (значи во времето кога било извршено делото не било предвидено како такво), обвинетите не може да одговараат за тоа дело. Предметот по одлука на второстепениот суд е вратен на повторно разгледување, со напомена дека во поглед на дејствијата од 2002 година може да се примени законот кој важел во тоа време. Првостепениот суд несогласувајќи се со ставот на Апелациониот суд во Скопје двајцата*

[19] Prostitution on Demand, Legalizing the Byers as sexual consumers, Janice G. Raymond, Coalition Against Trafficking in Women, http://www.prostitutionresearch.com/

[20] Така и Шведскиот кривичен законик предвидува парична казана или казна затвор до 6 месеци за секој кој што користи или се обидува да користи сексуални услуги во замена за паричен надомест. Иста казна е предвидена и согласно Anti Trafficking in Pesrson Act на Филипини. Грчкото законодавство е построго и предвидува казна затвор од минимум 6 месеци.

[21] Ставот 5 од чл. 418 а со измените и дополнувањата на КЗ од 2002 година (Сл. весник на РМ бр. 4/02 од 25.01.2002 год.) сега соодветствува на ставот 4 од чл. 418а од КЗ, согласно Законот за измена и дополнение на КЗ од 2004 година.

*обвинети повторно ги ослободува од обвинение. Спрема лицето за кое беше изречена казна затвор за ставот 4 од чл. 418 а од КЗ (промени 2004) при повторното разгледување обвинението е одбиено, затоа што јавниот обвинител се откажал од истото.*

Аргументите на оние што се залагаат за санкционирање на корисниците на сексуални услуги на жртвите на трговијата со луѓе одат во насока на бранење на ставот дека казнувањето на конзументите ќе доведе до зголемување на свеста на истите за оваа штетна појава и свеста за нивната одговорност во процесот на креирање на побарувачката на пазарот. Тргнувајќи од основното економско правило кое вели дека *со зголемување на побарувачката, цената на производот расте,* а земајќи го предвид основниот мотив на трговците со луѓе, односно профитот, очигледна е корелацијата помеѓу побарувачката и развојот на оваа појава.

Од друга страна, пак, постои мнение дека со санкционирање на корисниците, државата се лишува од можноста токму тие корисници да помогнат во идентификување на делата на трговија преку пријавување на истите пред надлежните органи. Воедно и подготвеноста на истите да сведочат пред судот против трговците со луѓе се намалува со оглед дека со тоа се доведуваат себеси во опасност од кривично гонење. Тука мора да се додаде и одредбата од чл.  223, ст. 2 од ЗКП согласно која сведокот има право да не одговара на одделни прашања ако е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или свој роднина на тешка срамота, материјална штета или "кривично гонење".

Доколку се земат предвид малиот број пријави од страна на корисниците на услуги[22] за кои се говори, како и речиси потполно непостоење на ситуации во коишто корисниците се јавиле како сведоци пред судот, тогаш мора да се постави сомнеж дека можеби аргументот државата преку санкционирање на корисниците само ги губи потенцијалните сведоци, односно пријавители е одржан.[23]

Интересно е да се напомене и дека КЗ на Македонија во членот 364, ст. 2 предвидува и казнување на секој што свесно ќе пропушти да пријави (помеѓу останатите и ) кривично дело Трговија со луѓе.

Како сторител може да се појави како физичко така и правно лице. Кривичниот законик на Македонија предвидува парична казна доколку делото е сторено од страна на правно лице. За жал, во судската практиката не е изречена ниедна ваква казна и покрај раширеното верување на професионалците кои се задолжени за справување со овој криминал дека денес делото Трговија со луѓе најчесто се реализира со користење на услуги на салони за убавина и масажа.

---

[22] Во поглемиот број случаи делото  е откриено при извршени рации во ноќни барови и локали во западниот дел на Р. Македонија
[23] Согласно извештајот на ИОМ (Кон прирачникот за јавни обвинители во кривичниот прогон на трговијата со луѓе, стр. 27, Владимир Данаилов, Стерјо Зиков, ИОМ Скопје) во 7% од ситуациите жртвите биле спасени од страна на клиентите

## Декриминализација на жртвите на трговија со луѓе

И покрај огромниот број иницијативи и активности од страна на меѓународните и домашните организации, како и огромниот број документи и воспоставени стандарди, сепак, во одредени земји на дестинација се случува жртвите на трговија со луѓе да бидат кривично гонети било поради нелегалниот статус, односно миграција, било поради употреба на фалсификувани документи. Не е исклучено и санкционирање на жртвите поради давање на сексуални услуги во оние држави каде што таквата активност е противправна.[24] Ваквата политика оневозможува жртвите да пристапат до полициските службеници и да го пријават делото поради страв од кривично гонење. На тој начин жртвата се лишува од можноста за остварување на своите основни права, а државата се лишува од можноста за успешно гонење на сторителите на овие дела преку губење на можноста за обезбедување информации, како и сведоци во постапките пред судот.

Во последните две-три години исклучително во практиката се провлекуваат предмети во коишто е забележано прекршочно казнување на жртвите на трговија со луѓе во Р. Македонија. Меѓутоа, малиот број на вакви случаи може да се објасни покрај со подигањето на свеста на главните актери во процесот на (не)казнување на жртвите, и со рапидно намалениот број на странски државјанки-жртви во Р. Македонија, односно намалениот број на регистрирани случаи на трговија со луѓе.

## Санкционирање на организирање на група и поттикнување на извршување на трговијата со луѓе

Една од промените во 2004 година во однос на законската регулатива на  кривичното дело Трговија со луѓе се однесува на санкционирањето на секој којшто организира вршење на основниот облик на делото (и кога како жртва се јавува возрасно лице и кога се јавува дете или малолетно лице). Имено, дотогаш постоечкиот став 3 се исфрла од членот 418а од Кривичниот законик  и со воведувањето на членот 418в од КЗ се издвојува на засебно место.

Денес тој што организира група, банда или друго здружение за вршење на делото Трговија со луѓе (покрај делото од членот 418б) ќе се казни со казна затвор од најмалку осум години. Воедно се казнува и самата партиципација во криминалната група, како и помагањето на истата. Членот 418в предвидува и санкционирање на поттикнувањето и одржувањето на ова дело.

Интересно е да се напомене и одредбата за ослободување од казна на секој припадник на групата кој ќе ја открие истата пред да стори кривично дело во нејзиниот состав. Оваа законска можност, како и впрочем казнувањето по членот 418в поради кривичното дело Трговија со луѓе, сè уште не наиде на примена во практиката.[25]

[24] "Прирачник за ревизија на законските регулативи против трговијата со луѓе", Институт за човекови права - Лудвиг Блцман, Виена, А. Картуш, септември 2001, Заштита и помош, стр. 96

[25] За разлика од делото Трговија со луѓе, организирањето на група заради извршување на делото Криумчарење на мигранти во повеќе случаи беше санкционирано пред судовите во последните две и пол години.

# 4. Кривично дело "Посредување во вршење на проституција и трговијата со луѓе"

Прашањето за легализација на проституцијата веќе подолго време предизвикува силни реакции и константна борба на оние коишто ја одобруваат истата и ја сметаат за дел од трудовиот сектор, па сè до оние кои ја осудуваат, бидејќи претставува анулација на општо прифатените морални и социјални норми, па дури и кршење на основните човекови права.

Дихотомијата на сфаќањето на различните законодавства за оваа појава се одразува и врз криминалната политика што ја водат, а со самото тоа и врз одредбите со кои ја регулираат областа на трговијата со луѓе, проституцијата и посредувањето при вршење на проституција.

Имено, земјите кои ја имаат легализирано проституцијата ги имаат "отстрането законските одредби за санкционирање на посредувањето при вршење на проституција" (дејствувањето на макроата), а на експлоатацијата на жената во секс-индустријата гледаат како на "инцидентна појава која главно се врзува за случајно лошо однесување на одреден посредник или муштерија".[26]

Кај истите се забележува тенденцијата под поимот трговија со луѓе да се опфати само тргување заради слугување или принудна работа.

Земјите коишто имаат спротивно мислење, како најјак аргумент против претходните го употребуваат податокот дека највисока стапка на нелегалната трговија со луѓе ја имаат токму оние земји во кои проституцијата е легализирана. Имено, околу 80% од жените во борделите во Холандија, во којашто проституцијата се третира како и секоја друга работа, односно како дел од економскиот сектор, се објект на трговија со луѓе. Истите се на мислење дека тврдењата оти "легализираната и регулираната проституцијата го намалува насилството во секс-индустријата, се неиспитани и недокажани".[27]

Проблемот на дистинкцијата помеѓу експлоатацијата на жената во секс-индустријата и експлоатацијата на жената која е тргувана заради проституција се провлекува како во меѓународни рамки, така и низ националните законодавства.

Во Република Македонија проституцијата[28] не претставува кривично дело, туку прекршок против јавниот ред и мир[29].

[26] Janice G. Raymond, Guide to the new UN Trafficking Protocol
Интернет страница: http://action.web.ca/home/catw/readingroom.shtml?x=33647&AA_EX_Session=4941eee3ee433bbfdfdc70b579706034
[27] Ибид.
[28] Вршење обљуба или други полови односи со неопределен круг на лица од ист или спротивен пол
[29] Во Македонија работат од 2500 до 3500 сексуални работници, Отворена скопска сцена, извештај Скопје 2005, ХОПС Опции за здрав живот, стр. 12

Членот 191 од КЗ го инкриминира посредувањето во вршење на проституцијата, односно го санкционира (основниот облик на делото) секој којшто врбува, наведува, поттикнува или намамува лице на проституција или на кој и да е друг начин учествува во предавање на лице на друг.

Она што предизвикува внимание и повлекува расправи е последниот дел од одредбата.. или на кој и да е друг начин учествува во предавање на лице на друг..

Имено, тука се покренува прашањето за дистинкцијата помеѓу трговија со луѓе и посредувањето при вршење проституција.

Доколку се тргне од ставот на некои домашни автори дека  учествување во подведување на лицето на друг заради проституција претставува само облик на трговија со луѓе",[30] тогаш се чини дека границата помеѓу овие две кривични дела бледнее.  Меѓутоа, разликата помеѓу нив добива на значење особено доколку се земе предвид огромната разлика во казнувањето на нивните сторители.

Со оглед на фактот што до донесувањето на членот 418-а од КЗ, оваа одредба беше единствена (не земајќи го предвид засновањето на ропски однос и превоз на лица) која ја регулираше трговијата со луѓе заради проституција, екстензивното толкување на овој дел од ставот 1 од чл. 191 од КЗ беше посакувано, од аспект на обезбедување на каква таква заштита во случај на недостиг на темелна и разработена регулатива. Ситуацијата се менува со инкриминирањето на делото Трговија со луѓе.

Ставот 3 од членот 191 од КЗ оди и малку подалеку. Имено, делото го врши "тој што заради заработувачка со сила или со сериозна закана за употреба на сила ќе присили или со измама ќе наведе друго лице на давање сексуални услуги".

Додека во ставот 1, делот "кој било начин" можеше, но не мораше да се толкува како еден од начините опфатени во делото Трговија со луѓе (со сила, сериозна закана или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице), во ставот 3 од членот 191, делот "со сила или со сериозна закана за употреба на сила ќе присили или со измама ќе наведе" , може слободно да се супсумира под истите. "Наведе друго лице на давање на сексуални услуги", би можело да се толкува како врбува заради експлоатација по пат на проституција.

Значи, во ситуација на употреба на присилба како начин за врбување на лице заради експлоатација по пат на проституција, што најчесто се сретнува како облик на трговија на територијата на Р. Македонија,

[30] Д-р Владо Камбовски, Казнено право, посебен дел, стр. 218,

истата значи исполнување на законското битие и на делото од чл. 418 а, ст. 1 (дејствие на извршување; врбува) и на делото од чл. 191, ст.3.

Дека ваквата законска поставеност на нештата предизвикува проблеми во постапувањето на јавните обвинители и судии, ни покажуваат и примерите на огромна разновидност во предметите во однос на подведувањето на активностите под одредена кривично правна норма.

Имено, слични дејствија на извршување во одредени ситуации се супсумирани под делото Трговија со луѓе или пак под Посредување при извршување на проституција. Причините за тоа можат да се бараат во повеќе насоки. Пред сè, заради постоење на:

- проблемите што се јавуваат при временското важење на законите[31], односно големиот расчекор помеѓу времето на извршување на делото и времето на судењето;
- проблемот на обезбедување на адекватни докази од страна на органите за гонење;
- не така ретките ситуации кога во предметите пред судот се појавуваат како мигранти девојки коишто при спроведени рации биле затекнати во ноќните локали и барови;
- или, пак, ситуациите кога мигрантите коишто биле криумчарени од страна на организирана мрежа се фатени во Р. Македонија на пола пат помеѓу почетната и финалната дестинација, без притоа да се има сознанија или, пак, да може да се докаже дека нелегалниот транспорт е цел сама за себе, а не и почеток на понатамошна експлоатација.

На судската практика воопшто не и се непознати ситуациите во рамките на предметите на трговија со луѓе обвинението да биде сменето од чл. 418 а во чл. 191 од КЗ (меѓутоа не и обратно).

> *Во предмет којшто пред Основниот суд во Тетово започнал под обвинение за делото Трговија со луѓе против 10 обвинети лица, после минимум 14 рочишта Јавното обвинителсво (откако претходно написмено го повлекло обвинението против четири лица), на последното рочиште, односно во завршните зборови истакнало повлекување и на обвинението на другите четири лица. За останатите двајца чиешто присуство не било обезбедено на главниот претрес е преиначено обвинението од 418а во 191 од КЗ.*

Ставовите 4 и 5 од овој член предвидуваат потешка санкција кога делото е сторено со малолетно лице или дете. Овие два става во новиот предлог-закон за измена и дополнување на Кривичниот законик не фигурираат. Имено, се чини дека интенцијата на креаторите на новиот законски текст се движи во насока сите ситуации каде што детето се јавува како жртва ангажирана во (присилена на) проституција, да се подведат под делото Трговија со луѓе.

[31] Повеќе на страна 21 од извештајот на Коалицијата "Сите за правично судење" Сузбивањето на трговијата со луѓе низ практиката на домашните судови, Скопје, ноември 2005, Виолета Велкоска

## 5. Кривично дело Криумчарење на мигранти

Основниот облик на делото Криумчарење на мигранти (чл. 418 б од КЗ) го врши тој што со сила или со сериозна закана дека ќе нападне врз животот или телото, со грабнување, измама, од користољубие, со злоупотреба на својата службена положба или со искористување на немоќта на друг илегално пренесува мигранти преку државната граница, како и тој што прави, набавува или поседува лажна патна исправа со таква цел.

Додека, пак, ставот 2 од членот 418 б од КЗ, го казнува секој што врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа мигранти.[32]

Број на обвинети по ставови




Од сите набљудувани предмети во врска со делото "Криумчарење на мигранти" во најмал број случаи станува збор за обвинение по чл. 418 б, став 1. Во останатите ситуации лицата се товарат за ставот 2, односно ставот 4 овој член. Имено, 42 %од вкупниот број обвинети лица за криумчарење мигранти се обвинети за делото од став 2.

Доколку се загрози животот или здравјето на мигрантот или со него се постапува особено понижувачки или сурово, или ако се спречува тој да ги користи правата што му припаѓаат согласно меѓународното право, како и доколку делото е сторено со малолетно лице, нашиот КЗ предвидува потешка казна во ставот 3 и 4. Притоа во практиката во рамките на следените предмети во 6 случаи (спрема 29 обвинети лица) делото е извршено спрема малолетни лица, односно по став 4 во врска со став 1 и 2.

## 6. Кривично дело Злоупотреба при вршење на службена должност

Согласно Кривичниот законик на РМ, делото од член 353 го врши службено лице коешто ќе прибави за себе или за друг некаква корист, или на друг ќе му нанесе штета со:

1) искористување на својата службена положба или овластување,
2) пречекорување на границите на своето службено овластување,
3) неизвршување на својата службена должност.

[32] Повеќе види стр. 69, Казненоправен одговор на организираниот криминал, Скопје февруари 2007

За основниот облик на делото е предвидена казна затвор од шест месеци до три години.

Доколку сторителот прибави поголема имотна корист или ќе предизвика поголема имотна штета или потешко ги повреди правата на друг, ќе се казни со построга казна затвор, односно од шест месеци до пет години. Во случај сторителот да прибави значителна имотна корист или нанесе значителна штета, тогаш истиот ќе биде казнет од една до десет години затвор.

Покрај основниот облик и двете потешки форми на делото во членот 353 постојат и одредби за казнување на одговорно лице ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност, како и доколку делото е сторено при вршење јавни набавки или на штета на средствата од Буџетот на Република Македонија, од јавните фондови или од други средства на државата.

Во рамките на набљудуваните предмети, кај 41% од обвинетите лица станува збор за ставот 3[33] од делото. Во нешто помал број случаи (36%) обвиненијата се однесуваат на ставот 4, додека ставот 2 (прибавена поголема имотна корист) е застапен со 5% и ставот 5 со 18%. Кај ниедно од вкупно 27 лица обвинети за злоупотреба при вршење на службена должност не станува збор за основниот облик на делото.

Тргнувајќи од фактот дека делото од чл. 353 е општо и супсидијарно дело, се исклучува можноста за постоење на стек помеѓу него и посебните дела што претставуваат злоупотреба и кои водат до остварување корист или пак нанесување штета на друг[34].

Во 32% од случаите, обвинетите за делото 353 биле обвинети и по друг основ (најчесто за перење пари и други приноси од кр. дело, а поретко за измама или фалсификување) во исто време.

Број на обвинети по ставови




# 7. Кривично дело Примање поткуп

Блиско до кривичното дело Злоупотреба при вршење на службена должност и овластување е делото Примање поткуп.т: Кај двете дела постои извршување на дејствие кое не смеело да се изврши во рамките

[33] прибавена значителна имотна корист
[34] Камбовски Владо, Казнено право, посебен дел, Просветно дело, Скопје, 1997, стр.498

на службеното овласување, како и остварување на некаква корист за тоа. Имено, пасивното дело примање поткуп (основниот облик) го врши службено лице што ќе побара или ќе прими подарок или друга корист, или ќе прими ветување за подарок или друга корист **за да изврши**, во рамките на своето службено овластување, службено дејствие **што не би смеело да го изврши**, или да **не изврши** службено дејствие **што би морало да го** изврши. За ставот 1 од ова дело е предвидена казна затвор од една до десет години. Воедно, поблаго се казнува (од шест месеци до пет години) во ставот 2 од овој член и службеното лице кое остварува корист за да изврши во рамките на своето службено овластување службено дејствие што би морало да го изврши, или да не изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши.

Барањето или примањето подарок или друга корист по извршувањето или неизвршувањето на службеното дејствие наведено во претходните два става се казнуваат со затвор од три месеци до три години.

Предвидена е казна и за одговорно лице и лице кое врши работи од јавен интерес, ако делото е извршено во врска со стекнување, остварување или одземање права утврдени со закон или заради стекнување корист или нанесување штета на друг, одговорно лице во странско правно лице, како и странско службено лице што делото ќе го стори на штета на Република Македонија, нејзин граѓанин или правно лице.

Сите лица од вкупно 25 кои се обвинети за примање поткуп во рамките на набљудуваните предмети, се товарат по ставот 1[35] од овој член. Притоа главно станува збор за овластени службени лица, Македонци, во повеќе од половина од случаите од 31 до 40 години и најчесто со средна школска наобразба.

## Заклучоци:

Не постои усогласеност помеѓу домашното законодавство и Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал, односно протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица особено жени и деца во поглед на третирањето на поимот "дете" којшто согласно Конвенцијата се однесува на секое лице помладо од 18 години, додека, пак, согласно нашиот закон на секое лице до 14 години.

Македонското законодавство не содржи одредба за адресирање на прашањето за небитноста на согласноста на жртвата за постоењето на кривичното дело, кога истата е изнудена со измама, присилба, закана или употреба на сила.

Во Република Македонија регистрираните предмети во судската практика главно се однесуваат на трговија со луѓе заради сексуална експлоатација.

[35] Службено лице што ќе побара или ќе прими подарок или друга корист, или ќе прими ветување за подарок или друга корист за да изврши во рамките на своето службено овластување службено дејствие што не би смеело да го изврши, или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Судската практиката не исфрла на површина ниту еден пример на казнување на правно лице, и покрај раширеното верување на професионалците кои се задолжени за справување со овој криминал дека во последниот временски период делото Трговија со луѓе најчесто се реализира со користење на услуги на салони за убавина и масажа.

Република Македонија е една од ретките земји којашто утврдува казнување на секој кој користи сексуални услуги од лице за кое знае дека е жртва на трговија со луѓе. Со тоа земјата се издига во категоријата на држави кои го адресираат прашањето за побарувачката како еден од битните предуслови за постоење и развој на трговијата со луѓе. Меѓутоа, само во еден случај е подигнато обвинение против ваков сторител и од истото јавниот обвинител се откажал при повторување на постапката по враќање од второстепена интанца.

Прифатениот став дека жртвите знаеле или можеле да претпоставаат дека ќе бидат ангажирани во давање сексуални услуги а со тоа се согласиле на истото, особено кај персоналот којшто е надлежен за идентификација на жртвите, претставува пречка на  обезбедувањето на адекватен третман на жртвите и, пред сè, идентификување на истите како жртви.

Како пасивен субјект во сите регистрирани случаи од страна на судските органи во Република Македонија во делата на трговија со луѓе се јавуваат само женски лица.

Казнувањето по членот 418в, односно за делото Организирање на група и поттикнување на извршување на делата Трговија со луѓе и Криумчарење на мигранти, заради кривичното дело Трговија со луѓе со уште не наиде на примена во практиката.

## Препораки:

И покрај тоа што домашното законодавство дава дополнителна заштита на секое лице помладо од 18 години (дете или малолетник) во делата на трговија со луѓе предвидувајќи построга казна за виновниот сторител, сепак, неопходно е усогласување на меѓународните стандарди (воспоставени во Конвенција на ОН против транснационалниот организиран криминал и протоколите) во поглед на поимот "дете", којшто согласно Конвенцијата се однесува на секое лице помладо од 18 години, а согласно домашната регулатива на секое лице до 14 години.

Нужни се дополнителни обуки на персоналот којшто учествува во идентификување на жртвите на трговија со луѓе, со цел подигање на свеста во однос на прифаќањето на жртвата како жртва, а не како лице виновно за ситуацијата во којашто се нашло.



# Глава III.
# Некои карактеристики на организираните криминални групи во Македонија

# 8. Степенот на организираност на сторителите на делата од областа на организираниот криминал во Република Македонија

*"На гавраните им се простува а гулабите се ставаат на мака"*

Во недостиг на емпириски податоци, односно истражувања, објавени публикации или, пак, анализи од страна на надлежните органи за справување со оваа тематика за степенот на организираност на криминалните групи коишто дејствуваат на територијата на Р. Македонија, "осудени сме" да ги коментираме скромните неколку анализи направени во последните четири-пет години од различни (главно странски) организации.

Имено, согласно Извештајот на Транскрим за 2004 година[36] во рамките на темата Трговија со луѓе, во Р. Македонија оперирале од една до десет криминални групи со просечно 10 члена во рамките на една група. Групите се хетерогени во однос на националната припадност и добро поврзани помеѓу себе. Од друга страна, пак, согласно Извештајот на Меѓународната организација за миграции[37] од истата година, во Р. Македонија постојат 250 криминални групи коишто се главно составени од лица од албанската етничка заедница и коишто имаат сосема солидба соработка со Албанците од Косово. Извештајот на УНИЦЕФ, УНОХЦХР и ОДИХР од 2004 година[38], пак, говори за 42 сложени случаи на трговија со луѓе коишто биле разрешени од страна на полицијата во кои имало 78 идентификувани осомничени. Интересен е соодносот на бројот на случаи и бројот на идентификувани осомничени. Имено, доколку во рамките на еден случај постојат едно или две осомничени лица, тогаш се наметнува прашањето дали воопшто може да се говори за организиран криминал. Во 2004 година, согласно истиот Извештај, оваа бројка изнесува 11 случаи и 33 осомничени[39] за првите девет месеци од годината.

Согласно Извештајот на Коалицијата "Сите за правично судење", за 2005 и 2006 година, во 46% од предметите на трговијата со луѓе, односно 25% од предметите на посредувањето при вршење на проституција коишто биле набљудувани пред основните судови, во рамките на еден кривичноправен настан се појавиле три или повеќе обвинети лица. Во Извештајот се покренуваат две интересни прашања. Имено, дали во ситуациите кога во едниот кривичноправен настан не е утврдено учество на минимум три лица не треба воопшто да се говори за трговијата како форма на организиран криминал, затоа што недостасува еден од основните елементи кој ова дело го прави организирано, и дали доколку тргнеме од ставот дека при секое дело на трговија мора да има минимум еден продавач, еден учесник во транспортот и еден купувач, тогаш ваквата ситуација не ни говори за недоволната успешност на полицијата и јавното обвинителство да ги идентификуваат сите учесници во настанот?

[36] The contribution of data exchange systems to the fight against organized crime in the SEE countries, Final report, Transcrime for the Office of the Special Coordinator of the Stability Pact for SEE, November 2004
[37] Changing patterns and trends of trafficking in persons in the Balkan region, IOM Report 2004,стр. 84
[38] Trafficking in Human Beings in South Eastern Europe, 2004
[39] И покрај тоа што Извештајот говори за сторители на делата, истите се само осомничени со оглед дека станува збор за активности на полицијата. Интересно е да се напомене дека согласно податоците на Државниот завод за статистика во 2004 година се пријавени само 45 лица за делото од чл. 418 а, е поднесен обвинителен акт против 29 лица, а се осудени вкупно 9 СТОРИТЕЛИ на делото.

Во првиот случај мора да се земе предвид дека само 58% од обвинетите лица биле осудени за делото, што значи дека горенаведениот процент на минимум три лица инволвирани во настанот (46%; 25%) дополнително се намалува на крајот на кривичната постапка.

Доколку во анализата се додадат скромните податоци од предметите од 2007 година во однос на делата Трговија со луѓе и Посредување при вршење проституција, ситуацијата, согласно очекувањата, процентот речиси и да не се менува.

Број на членови во група




Истото се однесува и на предметите во врска со делото Кримчарење на мигранти. Имено, анализите направени за 2005 и 2006 година го исфрлија на површина заклучокот дека во 35 проценти од вкупниот број случаи станува збор за повеќе од три обвинети лица во рамките на еден кривичноправен настан. Доколку на претходните две години се додаде и 2007 година (до 10 месец), овој процент се зголемува за 3 (38%). Осум од вкупно 21 предмет во врска со чл. 418б и 418в (за криумчарење на мигранти) се однесуваат на три или повеќе обвинети лица.

Број на членови во група




Заокружувајќи ги во една целина податоците за бројот на обвинетите лица во рамките на сите предмети, се добива вредност од 39 проценти којашто го отсликува учеството на три или повеќе лица во рамките на еден кривичноправен настан.

Број на учесници во група кај сите набљудувани дела



## Етничка припадност на обвинетите

Во однос на етничката припадност на обвинетите лица, ситуацијата утврдена во 2005 и 2006 год., со анализата која потврдува 100 % учество на припадници на албанската етничката заедница во делата на трговија со луѓе, продолжува и во 2007 година. Ист е и процентот (соодносот на обвинетите лица согласно националната припадност) утврден во претходните две години кај предметите во врска со делото посредување при вршење на проституција со оној во 2007 година.

Доколку се направи споредба со останатите набљудувани кривични дела (земени предвид само оние кои биле застапени во повеќе од три предмети) ќе се наметне заклучокот дека за разлика од кривичните дела Посредувањето при вршење проституција и Трговијата со луѓе во делата Поткуп и злоупотреба на службена

Национална застапеност по дела




положба и овластување, Македонците преовладуваат како обвинети лица.

Што се однесува до етничката хомогеност на членовите на групите коишто имаат минимум три лица, таа е најголема во делата на Трговија со луѓе додека пак најголема разновидност постои во предметите во врска со кривичните дела од чл. 418б и 418в од КЗ. Кај останатите дела соодносот на хомогената и хетерогената структура е подеднаков.

Минимум тројца обвинети



## Возраст на обвинетите

Анализата на возраста на 278 обвинети лица за делата од областа на организираниот криминал ни покажува дека преовладува старосната група од 31 до 35 години.

Старосна структура кај сите предмети




Меѓутоа, доколку се посвети внимание на поединечните кривични дела, ќе се забележи голема разновидност во однос на староста на извршителите (евентуалните извршители со оглед дека станува збор за обвинети а не за осудени лица). Имено, кај делото Трговија со луѓе преовладува старосната група од 31 до 35 години (со 36%) којашто заедно со онаа од 36 до 40 години опфаќа околу половина од вкупниот број на обвинети лица. Спротивно на очекувањата (поради испреплетеноста на појавите посредување во проституција и трговијата со луѓе), кај делото по чл. 191 од КЗ највисок процент зазема старосната група од 36 до 40 години.

418а Трговија со луѓе




191 Посредување при вршење на проституција



Се чини дека како извршители на делото Криумчарење на мигранти најчесто се јавуваат и нешто помлади лица, односно најзастапена е категоријата од 26 до 30 години, заедно со категоријата од 36 до 40 год. (по 20%).




Од друга страна, пак, кај делото Злоупотреба при вршење на службена должност и овластување (со што истото се издвојува од останатите дела на организираниот криминал), преовладуваат извршители од 46 години старост па нагоре, (дури 67%).






## Образование на обвинети

Доколку се посвети внимание на нивото на образование на лицата обвинети за делата на организираниот криминал, на површина се појавува заклучокот дека во најголем број случаи (повеќе од половина) станува збор за лица со средна школска наобразба. Оваа категорија преовладува кај делата: Криумчарење на мигранти, Посредување при вршење проституција и Примање поткуп.

Степен на образование на извршителите кај сите дела




Образование на извршителите по кривично дело




Додека во областа на трговијата со луѓе во најголем процент се застапени обвинети лица со основно образование, кај кривичното дело Злоупотреба на службена положба и овластување значително преовладуваат оние со високо образование (93%).

## Рецидивизам




Речиси една четвртина од обвинетите лица за делата од областа на организираниот криминал претходно биле осудени за друго дело. Притоа рецидивизмот е најмногу застапен кај кривичните дела Трговија со луѓе со 54% од вкупниот број на обвинети лица за ова дело, и Посредување при вршење проституција со 48%. Во поголемиот број случаи станува збор за истовидни дела (и тоа повеќекратно во низа) што говори за истрајноста на сторителите во дејствувањето во оваа сфера.




## Занимање на обвинети

Иако разновидноста на кривичните дела и со самото тоа на профилите на извршителите на тие дела ја отежнува класификацијата на занимањата на истите, сепак, одредени појави карактеристични за конкретно дело можат да се коментираат. Имено, во 52 % од вкупниот број обвинети лица станува збор за сопственици на ноќни барови и локали кај делата Посредување при проституција и Трговија со луѓе, заедно. Доколку се додадат во истата групација и сопствениците на фирми коишто преовладуваат веднаш по претходно наведената категорија, тогаш процентот се зголемува на 63. Согласно очекувањата, кај делото Криумчарење на мигранти како и Организирање на група и поттикнување на извршување на делото криумчарење на мигранти, како обвинети лица преовладуваат таксистите (возачи). За делото Примање  поткуп во најголем број на случаи се обвинети овластени службени лица при Министерството за внатрешни работи.







Невработеноста зазема највисок процент кај делата по чл. 418б и 418в од КЗ, за истиот незначително да се намали кај посредувањето во проституција и трговијата со луѓе.

## 9. Дејствувањето на организираните групи во насока на спречување на успешната борба против трговија со луѓе

Согласно ОСТА Извештајот на Еупол од 2006[40] година дејствувањето на организираните криминални групи во рамките на Европската унија во поглед на спречување на борбата против организираниот криминал се одвива на три фронта. Првиот, ги опфаќа мерките за оневозможување на следење на активностите на

[40] Organized Crime Threat Assesment 2006, EUPOL

криминалните групи и тука би влегле сите дејствија на (контра) следење на активностите на органите за гонење, инфилтрирање на луѓе во нивните редови, сервирање на лажни податоци итн.

Вториот фронт се однесува на мерките за оневозможување на утврдување на идентитетот на членовите на групите, како, на пример, фалсификување документи, лажно претставување, користење прекари, интерни жаргони.

Третиот, пак, е насочен кон оневозможување на гонење и санкционирање на сторителите на делата од областа на организираниот криминал. Тука би влегле широка лепеза на активности кои можат да се движат од заплашување, па со до екстремни облици на насилство и тоа како спрема оние инволвирани во постапката по службено должност, односно полицајци, јавни обвинители и судии, па со до оние кои можат да им наштетат со давање исказ, односно сведоците.

Заплашувањето на сведоците[41] може да биде директно, кога некој презема конкретни дејствија против сведокот со точно одредена цел, и индиректно (апстрактно) кога постои реално очекување дека одредени последици можат да настапат, согласно тежината на постапката или делото. Второто е проследено со атмосфера на страв и општа недоверба во институциите на системот, а со самото тоа и неподготвеност на сведокот за соработка[42]. Понекогаш сведоците се чуствуваат загрозени и кога реално не постои основ за тоа.

Колку ваквиот модел има апликативна вредност во рамките на дејствувањето на организираните групи во Македонија и колку вистински може да се говори за планско систематизирано дејствување на нивните членови заради опструктуирање на правдата, поради недостиг на податоци и истражувања може само да се претпостави. Сепак, одредени индикатори можат да навестат во кој правец нештата се движат.

Имено, во 2002, 2003 и 2004 година во западниот дел на Р. Македонија, сознанијата за постоење и функционирање на ноќните барови и локали, особено во тетовскиот и гостиварскиот регион (поретко во другите делови на Македонија) во којшто жртвите на трговија ги давале сексуалните услуги на клиентите, беа подигнати на ниво на ноторен факт. Креирањето и стимулирањето на побарувачката од услугите на овие девојки беше врзано за промоција и реклама на пазарот. Во такви услови реално е да се очекува дека и службите надлежни за справување со овој криминал имале доволно сознанија да стават крај на таквото дејствување.

---

[41] Preventing Gang and Drug-Related Witness Intimidation .S. Department of Justice, Office of Justice Programs,National Institute of Justice,Issues and Practices (www.ncjrs.org)

[42] Ибид. стр. 8; Во предметите од областа на трговија со луѓе, оцената за веројатноста на сведокот да биде изложен на интимидација донесена врз основа на влијанието на повеќе фактори (наведени во извештајот), е многу висока. Имено:
- Првичното кривично дело е проследено со насилство;
- Обвинетиот имал лична врска со сведокот-жртва;
- Обвинетиот живеел блиску до жртвата/сведок;
- Сведокот/жртва е особено ранлива.

Претпоставката за инволвираноста на полицијата во трговијата со луѓе па макар и само преку злоупотреба при вршењето на службена должност, односно преку информирање на сопствениците на локалите за планираните рации, не може да се конфирмира преку бројот на осудени полицајци. Имено, неколку осамени случаи во практиката[43] не се доволни за да може да се потврди соработката на овие групи со полицијата, што, од друга страна, пак, може да говори или за непостоење на истата или за неподготвеноста на органите задолжени за внатрешна контрола да се справат со проблемите во своите редови[44].

Иако неколку скандали ја протресоа македонската јавност во однос на начинот на судењето на некои од сторителите на делото Трговија со луѓе[45], иако процентот на ослободителни пресуди котира на многу високо ниво во предметите на трговија со луѓе и иако некои судии во основните судови кои работат на темата имаат голем број на вратени пресуди од страна на второстепениот суд, сепак, ниедна пресуда (на пример, за примање поткуп или други начини на влијание на судската одлука) не може да ја конфирмира инволвираноста на судството во каква било корелација со трговците со луѓе.

Начини и видови на влијанија на сторителите на делото Трговија со луѓе врз жртвите со цел да бидат неидентификувани, гонети и санкционирани




[43]"Казненоправен одговор на организираниот криминал", февруари 2007, Скопје, Виолета Велкоска
[44] 5.7. Санкционирање на ОСЛ во евидентираните случаи на полициска злоупотреба, Проект за поддршка на човековите права, Правна анализа 2006, Скопје, ноември 2006, Петар Јорданоски, стр. 35
[45] Судењето на озлогласениот сопственик на ноќни барови којшто во повеќе наврати (предмети) беше осуден на заедничка казна затвор во траење од речиси 4 години беше проследено со разрешување на судечкиот судија заради непотребно пролонгирање на постапката.

Не потценувајќи го значењето на влијанието што го имаат криминалните групи (или само поединците) општо врз сведоците во постапката, интересно е да се прокоментира влијанието на трговците со луѓе врз жртвите кои се јавуваат како најзначајни фигури во постапката пред судот. Имено, согласно Извештајот на Коалицијата "Сите за правично судење"[46], притисокот врз жртвата се врши преку измама, насилство, закана и поткуп.

Жртвите на трговија главно се држат под константен страв дека поради нелегалноста на нивниот престој истите ќе бидат казнети (затворени) доколку делото го пријават во полиција, како и под убедување дека полицајците се корумпирани и дека пристапот до нив би бил залуден.

Покрај заканата од физичко насилство[47] како и впрочем честото користење на физичка сила, жртвите се уценувани и со можноста за повредување на нивните блиски во матичната земја. Не се непознати и случаите откога жртвата повеќе не е во власт на сторителот, на истата да и биде понудена одредена сума пари за да го смени својот исказ пред суд.

Сите претходно наведени активности се однесуваат на спречување на кривично гонење на трговците со луѓе и нивното санкционирање. Иако е мошне честа употребата на прекари помеѓу трговците со луѓе, особено пред жртвите, и иако главно пред нив не се вршело наплаќање на сексуалните услуги, што во предметите пред судот игра значајна улога при утврдувањето на идентитетот, односно вината на обвинетото лице, сепак, нема индиции дека некои посложени мерки се преземани да се скрие активноста или, пак, сторителите, барем во периодот од кога датираат (биле извршени) најголемиот број предмети (од 2002 до 2004 год.).

## Заклучоци

Во настојувањата дефинирањето на домашното законодавство на тоа што се спаѓа во поимот организиран криминал да не биде претесно, односно да не бидат опфатени сите облици на овој криминал, се отиде во друга крајност на премногу широка надлежност на органите за гонење.

Обидувајќи се соодветно да одговори на сè поголемата експанзија на организираниот криминал, а воедно и да ги следи меѓународните иницијативи и преземени обврски, Република Македонија во последните неколку години спроведе огромен број нормативни и институционални промени. Сите тие овозможуваат доволно поволна основа за успешно справување со феноменот организиран криминал, доколку постои волја.[48]

---

[46] "Казненоправен одговор на организираниот криминал", февруари 2007, Скопје, Виолета Велкоска
[47] Согласно податоците во Извештајот на ИОМ (Changing patterns and trends of trafficking in persons in the Balkan region, IOM, 2004) за физичка злоупотреба на жртвите коишто биле згрижени во Транзит-центарот во Скопје, може да се заклучи дека употребата на сила спрема жртвите на трговија со луѓе варира од 31% од вкупните жртви, кои биле физички малтретирани во 2001, 57% во 2002 год. па со до 67% во 2003 год.
[48] Дел од заклучоците и препораките се содржани и во Извештајот "Казненоправен одговор на организираниот криминал" на Коалицијата "Сите за правично судење"

Анализите направени за 2005 и 2006 година го исфрлија на површина заклучокот дека во 35 проценти од вкупниот број на случаи на криумчарење на мигранти, станува збор за повеќе од три обвинети лица во рамките на еден кривичноправен настан. За последните години (заедно 2005, 2006 и јануари-октомври од 2007 год.) процентот се качува за 3 (38%). Овој процент изнесува 29 во предметите во врска со делото Трговија со луѓе и Посредување при вршење проституција.

Земајќи ги предвид податоците за бројот на обвинетите лица во рамките на сите предмети, се добива вредност од 39% којашто го отсликува учеството на три или повеќе лица во рамките на еден кривично правен настан.

За разлика од кривичните дела Посредување при вршење проституција и Трговија со луѓе, каде што како обвинети лица преовладуваат припадници на албанската етничката заедница, во делата Поткуп и Злоупотреба на службена положба и овластување, во поголем број  Македонците се јавуваат како обвинети пред основните судови во Р. Македонија.

Етничката хомогеност на членовите на групите којашто има минимум три лица, е најголема во делата Трговија со луѓе. Најголема разновидност постои во предметите во врска со кривичните дела од чл. 418б и 418в од КЗ. Кај останатите дела соодносот на хомогената и хетерогената структура е речиси подеднаков.

Кај делото Трговија со луѓе кај обвинетите лица преовладува старосната група од 31 до 35 години (со 36%), додека, пак, кај делото по чл. 191 од КЗ највисок процент (28) зазема старосната група од 36 до 40 години. Криумчарите на мигранти често се помлади лица, односно покрај категоријата од 36 до 40 год. Со исти 20 % е застапена категоријата од 26 до 30 години. Од друга страна, пак, кај делото Злоупотреба при вршење на службена должност и овластување преовладуваат извршители со над 46 години старост (дури 67 %). Анализата на возраста на сите 278 обвинети лица за делата од областа на организираниот криминал ни покажува најголема вредност на старосната група од 31 до 35 години.

Во најголем број случаи во рамките на сите обвинети (повеќе од половина) станува збор за лица со средна школска наобразба. Оваа категорија преовладува кај делата: Криумчарење на мигранти, Посредување при вршење проституција и Примање поткуп.  Додека во областа на трговијата со луѓе во најголем процент се застапени обвинети лица со основно образование, кај кривичното дело Злоупотреба на службена положба и овластување значително преовладуваат оние со високо образование.

Речиси една четвртина од обвинетите лица за делата од областа на организираниот криминал претходно биле осудени за друго дело. Притоа рецидивизмот најмногу е застапен кај кривичните дела Трговија со луѓе, со 54% од вкупниот број на обвинети лица за ова дело и Посредување при вршење на проституција, со 48%.

Во 52% од вкупниот број обвинети лица станува збор за сопственици на ноќни барови и локали кај делата Посредување при проституција и Трговија со луѓе. Кај делото Криумчарење на мигранти, како и

Организирање на група и потикнување на извршување на делото Криумчарење на мигранти како обвинети лица преовладуваат таксистите (возачи). За делото Примање поткуп во најголем број случаи се обвинети овластени службени лица при Министерството за внатрешни работи.

Дискрепанцијата на сознанијата од скромните неколку извештаи за степенот на организираноста на криминалните групи кои дејствуваат на територијата на Република Македонија во рамките на областа Трговија со луѓе доведува до неможност за споредба на податоците добиени од истражувањето на Коалицијата за нивната структура, начинот на функционирање, динамиката, степенот на влијание, начинот на перење на парите итн.

Самиот факт што поголемиот дел од активностите на организираните групи (или индивидуалци) во сферата на трговијата со луѓе се насочени кон опструкција на кривичното гонење, односно судење, а не кон сокривање на идентитетот или криминалните активности, говори за високата доза на дрскост во реализација на делата.

Со поврзување на индивидуалните приказни за настаните во предметите во врска со трговијата со луѓе во една генерална слика се добива претстава за сосема солидната соработка помеѓу различните ноќни барови при примопредавање на жртвите, било да станува збор за купување и продавање или, пак, само за размена на една жртва со друга.

Насилството коешто подеднакво се јавува како смислено користено средства заради остварување на адекватна интимидација и одржување на покорност на жртвите и како моментални спонтани и брзи реакции со цел демонстрација на сила во набљудуваните предмети, е често придружен елемент при реализација на делото Трговија со луѓе во однос на жртвите.

Неколку осамени случаи во практиката за инволвираноста на овластени службени лица во трговијата со луѓе, не се доволни за да може да се потврди соработката на организираните групи со вработени лица во полицијата, што, од друга страна, пак, може да говори за или непостоење на истата или за неподготвеноста органите задолжени за внатрешна контрола да се справат со проблемите во своите редови.

Влијанието на трговците со луѓе врз жртвите кои се јавуваат како најзначајни фигури (сведоци) во постапката пред судот се врши преку измама, насилство, закана и поткуп.

# Препораки

Постои потреба од попрецизно дефинирање на надлежностите на одделението за гонење на сторители на кривични дела од областа на организиран криминал и, пред со, усогласување на одредбата од чл. 29 од Законот за јавно обвинителство и чл. 2 од Правилникот за организација и состав на одделението. Имено,

надлежностите утврдени во Правилникот не смеат да ги пречекоруваат рамките утврдени со Законот на јавно обвинителство.

Постои голема потреба од спроведување на истражувања за феноменологијата на трговијата со луѓе како една од формите на организираниот криминал во Македонија, односно за воспоставување на критична маса на сознанија коишто би се употребиле како соодветна основа за поткрепа на (не)функционалноста на изградените механизми за справување со овој криминал.



# Глава IV
# Механизми во борбата против трговијата со луѓе

# 10. Стратегија и акционен план на Р. Македонија за борба против трговијата со луѓе.

*"Ниедно дело не може да се сфати без да се поврзе со некоја идеја"*

Со цел поуспешно справување со феноменот трговија со луѓе и илегална миграција во 2002 година Република Македонија ја донесе "Националната програма за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција".[49] Во неа се опфатени сите нужни активности кои треба да ги откријат факторите кои влијаат на трговијата со луѓе, како на локално така и на регионално ниво, носителите на криминалните дејствија и начинот на којшто тие дејствуваат, сите мерки кои треба да се преземат со цел остварување на адекватна превенција, како и активности нужни да се подобри прогонот на сторителите и успешното санкционирање. Воедно, посебно внимание е посветено на жртвите и обезбедувањето на нивна заштита.

Одлуката за формирање на Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, којашто има задача да ја следи состојбата со овој криминалитет и да ги координира активностите на надлежните институции домашни и меѓународни организации активни на ова поле, Владата на Р. Македонија ја донесе во 2001 год.[50]. Веднаш потоа беше наименуван Националниот координатор и членови на Националната комисија. Во рамките на истата е формиран Секретаријат, како и подгрупа за борба против трговија со деца.

Поминувајќи низ неколку фази на развој, конечно двата основни документи, Националниот план за акција и Стратегијата за борба против трговијата со луѓе во последната верзија беа донесени во март 2006 година.

Додека Стратегијата поставува приоритети и насоки во коишто борбата против овој криминал треба да се одвива, Националниот акционен план темелно ги определува сите активности коишто се остваруваат или треба да се остварат со цел реализација на специфичните цели и задачи, односно реализација на стратешките цели. Акциониот план утврдува и надлежности во секое поле на дејствување, како и временска рамка. Воедно, се предвидени и критериумите за набљудување и евалуација коишто треба да одговорат на прашањето за успешноста во реализација на зацртаните цели.
Планот се состои од четири основни дела:

- Поддржувачка рамка
- Превенција
- Поддршка и заштита на жртвите и сведоците
- Истрага и гонење на трговијата со луѓе

[49] Сл. весник на РМ, бр. 10/02
[50] Сл. весник на РМ, бр. 18/01

Првиот дел опфаќа детална обработка на активностите коишто треба да овозможат подобра комуникација и координација во воспоставената структура од различни актери битни во сферата на борба против трговијата со луѓе. Тука, пред сè, се мисли на интензитетот на средби, информираност преку изготвување на извештаи, формирање на адресари на владини, невладини и меѓународни организации итн. Воедно, со цел постоење на повисок степен на усогласеност на меѓународните и домашните стандарди и регулативи, планот предвидува промени во законската рамка. Дел од нив се веќе реализирани, како, на пример, донесување на Законот за следење на комуникации, донесување на Законот за странци и промена на регулативата во однос на статусот на странците.

Преку константно дејствувањето во правец на зајакнување на капацитетот на државни и недржавни актери, односно преку осмислување на програми за едукација и обука на кадри, планот предвидува поголема успешност во борбата против трговијата со луѓе.

Во овој документ е адресирано и прашањето коешто претставува можеби тесно грло во процесот на осознавање на феноменологијата на овој криминал и степенот на успешноста во справување со истиот, а тоа е проблемот со менаџментот на информациите и недостигот од истражувања. Имено, планот предвидува спроведување различни истражувања и анализи и воспоставување солидна размена на податоци. Воедно, е предвидено и создавање на софтвер којшто ќе ги сублимира различните податоци од сите клучни актери кои спроведуваат какви било анализи. Последното, иако претставува тема на дискусија на професионалната јавност веќе подолго време, сè уште се нема активирано.

Превенцијата, којашто во најголем дел претставува поле на дејствување на невладините организации, зазема значајно место во акциониот план. Имено, предвидени се кампањи и дистрибуција на соодветен пропаганден материјал којшто треба да влијае врз зголемување на свесноста на ризичните групи на потенцијалните корисници на сексуални услуги на надлежните организации коишто се справуваат на секојдневна основа.

Делот од акциониот план којшто се однесува на поддршка и заштита на жртвите и сведоците адресира неколку проблеми, како што се идентификација на жртвата, обезбедување период за размислување на истата, овозможување социјална поддршка и заштита, правна помош во постапката пред судот, како и проблемот со нејзината реинтеграција.

Систематизацијата на постапките за доброволната репатријација на жртвите, како и изградба на програми за реинтеграција се само еден од сегментите коишто треба да доведат до поуспешна заштита на жртвите и, пред сè, превенција од повторна виктимизација.

Последниот дел од планот, којшто се чини дека остана недоволно разработен на она ниво на кое се и останатите делови, а којшто има есенцијално значење за понатамошното дејствување во областа на трговијата со луѓе, претставува делот кој се однесува на истрагата и кривичното гонење на трговијата со луѓе.

Имено, тука се споменуваат посебните истражни мерки како ефикасна алатка за откривање на сторителите на овие дела, понатаму воспоставување оперативна база на податоци, спроведување заеднички регионални акции итн.
Националниот акционен план претставува одлична основа за добивање на поголема слика за сите сегменти значајни во борбата против трговијата со луѓе и, пред сè, одлична основа за заедничка координирана акција на сите актери кои се надлежни да се соочуваат со овој криминал. Меѓутоа, не смее да се заборави дека тој е жива материја која се менува и бара константна модификација и преиспитување.

## 11. Национален и транснационален механизам за упатување

Минатото на државите е исполнето со голем број проблеми и пропусти направени во процесот од идентификација на жртвите, па сè до овозможување пристап до нивните права. Имено, не така ретко при првиот контакт на органите надлежни за спроведување на законот поради недоволната експертиза, односно чувствителност, а, пред сè, поради немање доволно податоци во однос на затекнатата состојба, кон жртвите не се постапува со доволна внимателност. Тоа доведува до лош третман и продолжување на нивната агонија. Понекогаш во ситуации на конфликт помеѓу ставот да се заштити жртвата од понатамошното страдање, односно испрашување преку оставање доволно време да се соземе, како и ставот да се добијат што е можно поквалитетни информации заради спроведување истрага, се избира интересот на постапката пред интересот на заштита на жртвата. Воедно, кршењето на одредбите за законски престој од страна на жртвите и чувството на обврска на службениците да постапуваат согласно постоечките законски одредби без да имаат податоци за поголемата слика, понекогаш доведуваат до протерување на жртвите или нивно прекршочно казнување. На невладините организации, кои во многу земји се првите ентитети коишто по откривањето на жртвите имаат првичен контакт со нив, понекогаш им недостасуваат ресурси или експертиза.

Сите овие проблеми вршат атак врз концептот на заштита на човековите права, односно го забавуваат процесот на обезбедување адекватна помош на жртвите на трговија. Како резултат на согледаните пропусти на површина се појави потребата од пософистицирана и поефикасна рамка за соработка помеѓу битните актери во борбата против овој вид организиран криминал, односно изградба на таков систем, механизам кој ќе овозможи поефикасно упатување на жртвите на трговија со луѓе до услугите што им следуваат. Моделите на упатување што ги имаат создадено земјите се најразлични и истите адресираат најразновидни аспекти од процесот на обезбедување заштита на правата на жртвите.[51]

Во Република Македонија во септември 2005 година во рамките на Министерството за труд и социјална политика започна да функционира Канцеларијата на националниот механизам за упатување со цел "да се зајакне капацитетот на државата за обезбедување на адекватна идентификација, помош и заштита на сите жртви на трговија со луѓе, особено на малолетниците". Притоа, центрите за социјална работа, односно вработените социјални работници се главните актери во процесот на првична идентификација на жртвите

[51] National Refferal Mechanisms, Joining Efforts to protect the Rights of Trafficked Persons, a Practical Handbook, OSCE (ODIHR)

и нивно упатување до услугите. Голем број на обуки се организирани со цел остручување на кадарот во постапувањето со жртвите. Воспоставена е дата-база на податоци за сите реализирани случаи. Воедно, канцеларијата работи на изградба на цврсти односи со останатите актери во државата надлежни за постапување со жртвите на трговија. Направена е и анализа на капацитетите на социјалните работници обврзани да постапуваат во конкретната тематика[52].

Веќе подолго време во центарот на вниманието на професионалната јавност е прашањето за изградба и зајакнување на т.н. Транснационален механизам за упатување. Истиот претставува резултат на желбата и, пред сè, потребата на земјите (особено кои се граничат една со друга) за соработка, со цел развивање на стратегии за безбедно движење на жртвите од земјата на дестинација до земјата на потекло, обезбедување на потребните услуги за истите и заштита на нивните права. Како придобивка од првичната средба на стручните лица (во односната тема) од земјите во југоисточна Европа одржана во Бугарија во 2007 год.[53], започнаа дискусиите за можноста на имплементација на Транснационалниот механизам за упатување на национално ниво.

Република Македонија е во фаза на завршница во изготвувањето на документот којшто ги содржи стандардните оперативни процедури за постапување со жртвите на трговија со луѓе, како домашни така и странски државјанки.

## 12. Посебните истражни мерки како дополнителна алатка во борбата против трговијата со луѓе и другите форми на организираниот криминал

Со промените на ЗКП во 2004 година заради "...зголемување на ефикасноста во борбата против криминалот со ставање на располагање на органите на кривичниот прогон посебни средства и методи-посебни истражни мерки кои овозможуваат прибирање на податоци и докази неопходни за успешно водење на постапката со детално уредување на условите и начинот на нивното преземање..."[54] воведени се 8 (нови) посебни истражни мерки:

- Следење на комуникации и влез во дом и други простории или превозни средства заради создавање услови за следење на комуникации, под услови и постапка утврдени со закон;

- Увид и пребарување на компјутерски систем, одземање на компјутерски систем или дел од него или базата за складирање на компјутерски податоци;

[52] Повеќе види Национален механизам за упатување, МТСП, Одделение за унапредување на рамноправноста помеѓу половите, Скопје 2005-2006
[53] Организирана од ИЦМПД и УСАИД
[54] Никола Матовски, III Цели кои треба да се постигнат со законот, Новелата на Законот за кривична постапка на Република Македонија од 2004 год., Правен Факултет -Скопје, 2005 год.

- Тајно набљудување, следење и визуелно тонско снимање на лица и предмети со технички средства;

- Привиден откуп на предмети, како и привидно давање и примање поткуп;

- Контролирана испорака и превоз на лица и предмети;

- Користење лица со прекриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци;

- Отворање привидна банкарска сметка на која може да се вложуваат средства што потекнуваат од извршено кривично дело;

- Регистрирање привидни правни лица или користење на постојни правни лица заради собирање податоци.

Истите можат да бидат применети само во исклучителни ситуации и тоа доколку се исполнети одредени критериуми. Имено, податоците и доказите коишто се обезбедуваат со нив мора да се неопходни за успешно водење на кривичната постапка и да не можат да се обезбедат на друг начин (или нивното собирање да биде сврзано со големи тешкотии). Притоа мора да станува збор за кривично дело за коешто е пропишана минимум казна затвор од 4 години или, пак, дело до 5 години затвор, но притоа истото мора да е извршено од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение. Вака поставените работи оставаат простор посебните истражни мерки да се применат и на дела надвор од областа на организираниот криминал (доволно е само да станува збор за сериозно кривично дело).

Законот содржи детални одредби во однос на надлежноста на секој орган подделно, во зависност од фазата на постапката.

Имено, во предистражна постапка, посебните истражни мерки се определуваат со наредба од јавниот обвинител или истражниот судија. Притоа, истражниот судија одлучува со писмено образложена наредба за примена на посебната истражна мерка (сите освен мерката следење на комуникации и влез во дом и други простории), врз основа на писмено образложен предлог на јавниот обвинител. Јавниот обвинител одлучува на писмено образложен предлог од Министерството за внатрешни работи за примена на сите посебни истражни мерки, освен "Следење на комуникации и увид, односно пребарување на компјутерски систем", само во случај кога не се располага со сознание за идентитетот на сторителот на кривичното дело.

Една од причините што бранителите на некои од обвинетите лица во предмет во којшто се употребени посебните истражни мерки, ја истакнуваат како основ за издвојување на доказите (прибавени со тие мерки) од постапката, е токму издавањето наредба за примена на посебната истражна мерка од страна на ненадлежен орган. Имено, тргнувајќи од ставот дека идентитетот на обвинетите лица во предметот претходно

веќе бил утврден, наредбата за употреба на мерките морала да биде издадена од страна на истражниот судија, а не на јавното обвинителство.

Ваквата ситуација од практиката предупредува да се посвети посебно внимание на мигот на утврдување на идентитетот на обвинетото лице и благовремено прибавување на наредба од страна на истражен судија. Во спротивно, доказите прибавени на ваков начин стануваат неупотребливи во кривичната постапка.

Во истрага, посебните истражни мерки се определуваат само со наредба на истражниот судија.[55]

Спроведувањето на посебните истражни мерки коешто може по правило да трае најмногу четири месеци, во исклучителни ситуации, од оправдани причини може да се продолжи најмногу уште за три месеца. Истото се прекинува веднаш доколку престанат да постојат причините поради кои мерките биле наредени.

По истекот на периодот за реализација на мерките, органите задолжени за нивно извршување мора да изготват посебен извештај[56] којшто задолжително содржи: време на започнување и време на престанок на мерките, број и опис на работата на службените лица, видот и бројот на техничките средства што се користени, број и идентитет на лицата опфатени со примената на посебните истражни мерки, видот на кривичното дело, како и опис во која мера со примената на посебната истражна мерка се придонело за остварување на целта поради која е издадена судската наредба.

## Употреба на специјалните истражни мерки во практиката

И покрај огромното значење коешто овие мерки би можеле да го имаат во процесот на откривањето и гонењето на сторителите на делото Трговија со луѓе, за жал, истите до сега немале (или имале сосема незначителна) примена во нашата практика. Објаснување може да се бара во правец на постоење намален број на нови кривични дела Трговија со луѓе после 2004 година, кога и мерките се внесени во законодавството на Р. Македонија и фактички непостоење на потреба за активирање на истите. Доколку на тоа се додаде и генералната бавност во имплементирање на новините на законот во нашата земја, како и чувствителноста на употребата на овие мерки со оглед дека задираат директно во основните права на граѓаните, се чини дека можеби ваквата ситуација е дури и очекувана.

[55] Наредбата којашто мора да содржи податоци за лицето против кое се применуваат посебните истражни мерки (кога сторителот е познат), основите за сомневање за стореното кривично дело, фактите од кои произлегува примената на посебните истражни мерки, како и начинот, обемот и времетраењето на тие мерки, ја извршува Министерството за внатрешни работи, Царинската управа на Република Македонија и Финансиската полиција.

[56] Првите приговори на начинот на изготвувањето на овие извештаи во практиката (од страна на бранителите на обвинетите) одат во насока на, неусогласеност на датумите наведени во извештајот со датумите од фотографиите обезбедени како доказ, и "непрецизност" и "тенденциозност" во составување на истите. чл. 150 ст. 3 од ЗКП

Меѓутоа, ситуацијата во областа на криумчарењето на мигранти во однос на практичната примена на истражните мерки е малку поинаква. Имено, дел од нив се употребени при откривањето на учесниците во два предмета на криумчарење коишто го предизвикаа вниманието на јавноста во 2006 година.

Врз основа на податоците на Јавното обвинителство, Одделението за гонење на сторителите на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата, во текот на 2006 година издаде 14 наредби за употреба на посебните истражни мерки, од кои 8 се однесуваат на случаи кога идентитетот на лицата останал неутврден, додека 6 биле наредени против 20 познати лица[57].

Издадени наредби по вид на кривично дело




Согласно податоците од набљудувањето на Коалицијата во рамките на 9 предмети од вкупно 75 биле наредени и спроведени посебните истражни мерки.




[57] Во 2005 година биле наредени 19 наредби и тоа во еден случај само за познат сторител.

Притоа, во најголем број случаи наредбите се однесуваат на мерката "Тајно набљудување, следење и визуелно-тонско снимање на лица и предмети со технички средства".

Број на изречени мерки
во набљудуваните случаи




## Слабостите при имплементација на истражните мерки

Практиката ги исфрли на површина и првите проблеми при нејзината примена. Пред сè, тука се мисли на техничката подготвеност при презентирањето на  резултатите од тајното набљудување, следење и визуелно тонско снимање на лица и предмети со технички средства. Имено, се има случено рочиштето да биде одложено и поради немање услови за презентација на видеоматеријалите обезбедени со посебната истражна мерка.

Во неколку случаи е побарано од страна на бранителите на обвинетите лица да се констатира во записник дека се направени прескоци на презентираните снимки и тоа да биде основ за издвојување на истите од доказниот материјал. Судот, решавајќи по предлогот, го отфрлил барањето со образложение дека е неспорно дека има прескоци на снимките, но тоа е затоа што тоа биле оригиналните снимки. Истите не се издвоени од доказниот материјал. Интересно е да се напомене дека на нашата земја н недостасуваат лаборатории за вештачење на вакви видеозаписи, додека, пак, вршењето на истите во друга земја е врзано за енормно високи трошоци. Доколу на сето ова се додаде фактот дека судијата не е врзан со предлогот за извршување на вештачење од страна на странките во постапката, и дека странката дури и да обезбеди средства за вакво вештачење нема гаранција дека истото ќе биде изведено на претрес, тогаш се чини дека е реално да се очекува дека доказите прибавени со оваа мерка неприкосновено.... "се класифицираат како докази со висок степен на уверливост и вообичаено, доколку бидат приложени во кривичната постапка, таа завршува

со пресуда што се заснова на тие докази"[58]. Снимките во неколку наврати се стопирани, за да се констатира на записник дека на нив во исто време се појавуваат два датума со две различни прикажани времиња.

Воедно, не ретки беа и приговорите дека на прикажаниот материјал не се препознаваат лица туку се гледаат само силуети, затоа што снимката била осветлена, односно дека не се препознаваат ниту регистрациите на возилата. На некои од снимките се прикажуваат објекти, возила, лица, неидентификувани, непознати, кои, согласно бранителите, не се во корелација со обвинението.

Интерес предизвикува и прашањето на заштита на идентитетот на сите оние лица коишто не се дел од барањето за спроведување на истражните мерки и чијшто идентитет беше експониран за време на "јавното" судење.

Најголемо внимание во врска со оваа посебна истражна мерка предизвика употребата на снимки "без тон" и покрај тоа што законот (ЗКП) говори за "визуелно-тонско снимање".

Имено, согласно одредени извори ...."*во однос на примената на визуелно-тонско снимање на лица, постои индиција на повреда, поради фактот што и покрај законската детерминираност за кумулативна примена на оваа мерка, сепак, во конкретниот случај од снимениот материјал против овие лица видливо е само визуелното снимање, ез аудиозапис, а тонскиот материјал од записот бил изведуван со сослушување на лицето со прикриен идентитет, што е спротивно на законската одредба.....*" [59]

Се чини дека едно мало невнимание на нашиот законодавец, можеби ја доведува во прашање доказната вредност на сите материјали прибавени парцијално само со визуелно, но не и тонско снимање.

Посебните истражни мерки отсекогаш биле и понатаму ќе бидат место каде што се судираат интересите на борбата против модерното зло наречено организиран криминал и интересите на поединецот и неговите права. Последното со оглед на фактот што мерките претставуваат најчувствително задирање во истите. Затоа нивната примена изискува најголемо можно внимание од страна на сите актери кои согласно законот се задолжени за тоа.

## 13. Заштита на жртвата сведок

*"Ниеден човек не е толку слаб за да не може да предизвика страв кај своите соседи, ниту толку јак да би бил имун на страв од нив"*

Огромниот напредок постигнат во процесот на обезбедување и анализа на материјалните докази од страна на надлежните служби, односно органи на земјите во светот, не може да го намали клучното значење

[58] Влијанието на специјалните истражни мерки врз кривичната постапка, технички средства за надзор и снимање на комуникациите меѓу луѓето, како истражна мерка во превенцијата и контролата на криминалот, магистерска работа, Јовчески Јован, Скопје, 2003 год.
[59] http://www.mhc.org.mk/mkd/analizi/istrazni_merki.htm

коешто го има сведокот во постапката. Истиот сè уште претставува еден од основните инструменти во борбата против организираниот криминал, а воедно и трговијата со луѓе како една од неговите форми.

Свесни за ризиците по здравјето, животот и личниот интегритет на сведоците кои учествуваат во постапката против сторителите, особено на сериозните дела, а со цел обезбедување квалитетен исказ во постапката пред судот и, пред сè, физичка заштита на лицето коешто го дава тој исказ, државите преземаат огромен број мерки за заштита.

Видот на мерките и надлежноста на органите за нивно спроведување се регулираат било во одредбите на Законите за кривична постапка или, пак, во посебни закони, односно акти. Карактеристично за земјите на континенталното право е одредбите кои се однесуваат на заштита на идентитетот и анонимноста за време на истрагата и главниот претрес пред судот во кривичните предмети да бидат опфатени во Законот за кривична постапка[60], додека пак условите за вклучување на сведокот во посебни програми за заштита да бидат дел од посебните закони за заштита на сведоци. Сепак, разновидноста на законските решенијата на различните земји, а воедно и практиките изградени од страна на органите на прогонот и санкционирање, оневозможува да се изградат унифицирани модели.

Во широката лепеза мерки[61] коишто различни држави ги имаат имплементирано со цел обезбедување најсоодветна заштита на сведоците влегуваат:
- Аудио и видеоснимање на исказ;
- Видеоконференција;
- Привремена или трајна промена на живеалиштето или престојувалиштето на сведокот;
- Правна заштита на жртвата;
- Исклучување на обвинетиот од судницата при давање на исказ од сведокот;

[60] Согласно Законот за кривична постапка на **Црна Гора** постојат заштитни мерки кои се преземаат во рамките на кривичната постапка и оние кои се преземаат согласно одредбите на Законот за заштита на сведоци.
Во заштитните мерки кои стојат на располагање за време на судскиот процес спаѓаат: распит на сведокот под псевдоним, распит на сведокот со помош на технички помагала (заштитни ѕидови, средства за промена на звуци и слики, т.е средства за промена на гласот), некажување на лични податоци на сведокот, испитување на сведокот во друга просторија.
Законот за заштита на сведоци на Црна Гора донесен во октомври 2004 година, ги предвидува следниве мерки на заштита:
- обезбедување заштита на лица и имот
- дислокација
- чување на тајноста на идентитетот
- промена на идентитетот
Законот за заштита на сведоци на **Романија** (2002 год.), покрај мерките претходно споменати во Законот за заштита на сведоци на Црна Гора, во надлежност на националната канцеларија за заштита на сведоци при Министерството за внатрешни работи на Романија ги предвидува и следните мерки:
- зголемена заштита на местото на престојувалиште на сведокот и заштита при транспорт од и до судот
- сослушување на заштитениот сведок од страна на судот под идентитет различен од вистинскиот или со користење на средства за промена на звуци и слики
[61] Повеќето наведени во документ од состанокот на работната група за заштита на жртвите-сведоци, Stability pact for SEE, March 2003

- Забрана за пристап на медиумите во судница;
- Заштита на идентитетот на жртвата (користење псевдоним, недавање податоци при распит пред судот или давање податоци различни од вистинските);
- Соодветна реакција на судијата во насока на недозволување на заканување во судница;
- Посебна просторија под присмотра од полиција, превоз на сметка на државата;
- Промена на идентитетот на сведокот.

При процена на соодветноста на одредена мерка да обезбеди најадекватна заштита на сведокот, особено при анализата на соодветноста на сведокот за вклучување во програмите за заштита, се тргнува од неколку критериуми. Имено, степенот на загрозување, односно ризик по животот и здравјето на сведокот ја одредува тежината и видот на мерката што ќе се примени. Одредени програми го врзуваат вклучувањето на сведокот со видот на кривично дела во предметот во кој е потребно сведочење. Притоа, учеството во постапката секогаш мора да е на доброволна основа.

Анализата за неопходноста на сведочењето и соодветноста на сведокот да даде валиден исказ во постапката пред судот, треба да го намали ризикот од изложување на големи непотребни трошоци со кои најчесто се проследени програмите за заштита на сведоци[62].

Во Република Македонија обезбедување на заштита на сведокот во постапката се врши преку употреба на одредбите во рамките на Законот за кривична постапка и одредбите на Законот за заштита на сведоци[63].

[62]Интересна е одредбата од Законот за заштита на сведоци под закана и ранливи сведоци на **Босна и Херцеговина** донесен во март 2003 година, согласно која судот или јавниот обвинител по службена должност е обврзан да го информира загрозениот сведок за мерките кои му стојат на располагање заради негова заштита во постапката. Притоа како мерки се споменуваат:
-обезбедување професионална психолошка помош на ранливите сведоци
- промена на редоследот на постапката на главниот претрес
-судијата има обврска да преземе мерки за заштита на сведокот од дополнително малтретирање и збунување, и право наместо странките во постапката, т.е. одбраната на обвинетиот/ите директно да му поставува прашања на сведокот
- сведочење со употреба на технички средства за промена на слики и глас
- отстранување на обвинетиот од претресот
- делумно или целосно лимитиран пристап на обвинетиот и неговиот бранител до податоци од списите на предметот кои се однесуваат на идентитетот на сведокот
- дополнителни мерки за заштита на сведокот (сведочење со помош на употреба на платно, чување на документацијата врзана за идентитетот на сведокот за време на период од 30 години..)
Правен акт којшто ја регулира оваа материја во Викторија (**Австралија**) е донесен во 1991 год., и е менуван двапати во 1994 и 1996 година. Како мерки нужни и разумни за заштита на сведокот се предвидени:
- Аплицирање за неопходен документ (дозвола за нов идентитет на сведокот и неговата фамилија
- Промена на локацијата на живеењее
- Пренос на сопственоста на сведокот
- Други работи кои се сметаат за нужни од страна на шефот на полицијата (сместување на сведокот, финансиска поддршка, дозвола за употреба на лажни имиња во процесот).
[63] Службен весник на РМ, 38/05

Законот за заштита на сведоци во којшто се регулираат постапката и условите за давање заштита и помош на сведоците, предвидува четири заштитни мерки. Во практиката од областа на трговијата со луѓе ниедна од овие мерки не е имплементирана. Во другите набљудувани предмети само во една ситуација сведокот којшто бил таен агент ангажиран од МВР да ги снима обвинетите лица во предмет во врска со делото од чл. 357 од КЗ (Примање поткуп), бил дел од програмата за заштита.




Во Законот за кривична постапка се регулирани двата посебни начина на испитување на сведокот. Имено, сведокот може да биде сослушан само во присуство на судијата и јавниот обвинител на место кое гарантира заштита на идентитетот или, пак, преку употреба на телефонска или видеоконференциска врска.

Во првиот случај станува збор за мерка којашто вистински сè уште нема заживеано во практиката на судовите во Македонија. Во вториот случај исклучително спроведената конференциска врска, потврдува дека нашата земја е во експериментална фаза во поглед на примената на овие мерки.

Објаснувањето за слабата употреба (неупотреба) на првата мерка  може да се бара во неколку правци. Пред сè, во постоењето опасност за злоупотреба на правата на обвинетото лице во постапката, особено во ситуација на недоволна законска разработеност на начинот на којшто испитувањето треба да се врши, неподготвеност на судиите да посегнат по овој инструмент во процесот на заштита на сведокот или, пак, непостоење опасност од тој интензитет којшто би го оправдал активирањето на овие одредби. Последното може да се доведе во прашање доколку се земе предвид тежината на делото за кое говориме, како и степенот на интимидација и насилство кое особено се практицира врз жртвите на трговија со луѓе коишто се и клучни сведоци во постапката пред судот.

Причините за неупотреба на видеолинкот како инструмент за безбедно добивање исказ на жртвата-сведок во постапката, покрај споменатиот отпор на судиите кон ваквиот посебен начин на испитување, можат да се бараат и во неможноста на обезбедување адекватна опрема за вршење на видеолинкот[64]. Во услови на недоволна употреба на заштитните механизми при добивање на исказ од страна на сведокот се поставува прашањето за подготвеноста на сведоците да се јават како дел од постапката пред судот. Единственото истражување[65] спроведено на таа тема во Р. Македонија од страна на невладината организација Коалиција "Сите за правично судење" говори дека во 44 % од вкупниот број случаи е обезбедено присуство на жртвите-сведоци во постапката и тоа откако претходно биле вратени во матичната земја. Со оглед дека учеството на сведоците во ваквата ситуација е израз на нивната слободна волја и не е задолжително определено согласно закон, како што би бил случајот доколку тие сè уште би се наоѓале на територијата на Р. Македонија, се наметнува заклучокот дека нашата земја може да се пофали со релативно успешно спроведена политика на обезбедување на сведоци во постапката, особено против сторителите на кривичното дело Трговија со луѓе.

Сепак, недоволната употреба на законски предвидените мерки за заштита, немање доволно просторни можности во судовите за обезбедување на посебна просторија за чување на сведокот (вклучувајќи ја и жртвата на трговија), со цел одбегнување на опасноста од конфронтирање на сведокот со обвинетото лице, ретката употреба на одредбата од законот за отстранување на обвинетото лице доколку сведокот одбива да даде исказ во негово присуство[66] (дотолку повеќе одбегнување на соочување на сведокот со обвинетиот поради

[64] Последното може и да се земе со резерва, особено во случаите од 2007 година поради сега веќе во две институции (судот и ЈО) обезбедената опрема.

[65] Истражувањето се однесува на двегодишен период и опфаќа вкупно 75 жртви сведоци, "Казнено правен одговор на организираниот криминал", стр. 42, Скопје, февруари 2007, Виолета Велкоска

[66] Изречена на само едно од вкупно 334 рочишта, "Казненоправен одговор на организираниот криминал", стр. 47, Скопје, февруари 2007, Виолета Велкоска

посебната психичка состојба во која се наоѓа сведокот), непостоење на систем за информирање на жртвата за тоа кога обвинетото лице излегува од затвор, се само дел од проблемите на кои треба да се работи.

## Заклучоци:

Националниот акционен план претставува одлична сублимација на сите значајни сегменти во борбата против трговијата со луѓе. Тука, пред сè, се мисли како на институциите и организациите надлежни за справување со овој феномен, така и на активностите коишто истите мораат да ги реализираат координирано и со заеднички сили.

Посебните истражни мерки иако имплементирани пред речиси три години сè уште немаат заживеано во домашната практика во рамките на темата трговија со луѓе.

Во најголем број случаи (7) наредбите за посебните истражни мерки во рамките на сите 75 набљудувани предмети од областа на организираниот криминал се однесуваат на мерката "Тајно набљудување, следење и визуелно тонско снимање на лица и предмети со технички средства".

Нашата земја е сè уште во експериментална фаза во поглед на примената на двата посебни начина на испитување на сведокот, односно можноста сведокот да биде сослушан само во присуство на судијата и јавниот обвинител на место кое гарантира заштита на идентитетот, како и употреба на телефонската или видеоконференциска врска.

## Препораки:

Неопходно е континуирано и будно набљудување на индикаторите за евалуација на остварувањето на зацртаните активности и цели во Националниот акционен план и подготвеност за ревидирање на истиот согласно новонастанатата или новоосознаената ситуација.

Иако практиката се исправа пред многу предизвици во однос на примената на посебните истражни мерки, сепак, истите мора да се стават и во служба на гонењето и санкционирањето на трговците со луѓе.

Треба да се посвети посебно внимание на мигот на утврдување на идентитетот на обвинетото лице и благовремено прибавување на наредба од страна на истражен судија. Во спротивно, доказите прибавени на ваков начин стануваат неупотребливи во кривичната постапка.

При изготвување на извештаите, по истекот на периодот за реализација на посебните истражни мерки, од органите задолжени за нивно извршување, мора да се внимава истите да бидат прецизно и јасно напишани а воедно и датумите во нив да бидат усогласени со датумите од фотографиите обезбедени како доказ.

Сведокот би требало да биде информиран за правото да го ускрати изнесувањето на личните податоци (името и презимето, името на таткото, занимањето, престојувалиштето, возраста и односот со обвинетиот) доколку со тоа би се изложил себеси или свое блиско лице на сериозна опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет.

Доколку сведокот го ускрати изнесувањето на односните податоци, а се оцени дека опасност постои, би требало да постои можност за употреба на одредбите за посебниот начин на испитување на сведокот во постапката, а не само на одредбите за вклучување во Програмата за заштита на сведоци. Процената за степенот на загрозување и начинот на заштита треба да се врши согласно конкретната ситуација.

Недоволната употреба на законски предвидените мерки за заштита, немањето доволно просторни можности во судовите за обезбедување на посебна просторија за чување на сведокот, со цел одбегнување на опасноста од конфронтирање на сведокот со обвинетото лице, ретката употреба на одредбата од Законот за отстранување на обвинетото лице доколку сведокот одбива да даде исказ во негово присуство, непостоењето на систем за информирање на жртвата за тоа кога обвинетото лице излегува од затвор, се дел од областите во кои треба да се вложат напори за подобрување на заштитата на сведоците во постапката.



# Глава V
# Жртвата
# на трговија со луѓе

# 14. Ситуацијата со жртвите во Република Македонија

*"Кој ти ја даде крвнику таа моќ над мене"*
*Гретхем*
*(еден од победените во француската револуција му се обраќа на крвникот пред да му ја отсече главата)*

Поголемиот број на регистрирани жртви најчесто државјанки на Романија, Молдавија и Украина, преку северната граница на Р. Македонија се донесени во ноќни барови и локали во западниот дел на земјата, особено во постконфликтниот период во 2002 и 2003 година. Имено, согласно анализата на ИОМ за жртвите коишто биле процесуирани од Република Македонија, во 48% станува збор за жртви од Молдавија, во 31% за жртви од Романија, додека во 11% за жртви од Украина. Овие три земји преовладуваат како земји на потекло и во анализата направена од страна на Коалицијата во однос на жртвите коишто се појавиле како сведоци или/и оштетени лица во постапките пред судот. Во 28% станува збор за Романија, во 27% за Молдавија, додека 13% за Украина[67]. Не може а да не се забележи огромната дискрепанција помеѓу бројот на жртви на кои им биле дадени услугите на ИОМ со оние коишто биле регистрирани во постапката пред основните судови. Последното добива на значење особено доколку се стави во корелација со прашањето за темната цифра на оние жртви на кои не им е обезбеден пристапот до правдата.

Поголемиот број од жртвите живеат со нивните семејства во сиромашни услови и главно не се во брачна заедница (62%), ниту пак имаат деца (60%). Пред да бидат вовлечени во ланецот на трговијата со луѓе повеќето од нив (70%) не биле вработени[68].

Во поголем број случаи нивната мобилизација била вршена со измама а поретко и со купопродажба од страна на нивни блиски лица, односно старатели, а исклучително и со киднапирање. Измамата главно се состои од ветување дека ќе бидат пренесени во Грција или Италија, каде што ќе им биде обезбедена работа. Во 37% врбувањето било извршено од странец, додека во 22% од страна на пријател.

Интересно е да се напомене дека спротивно на очекувањата или барем раширеното мислење помеѓу практичарите активни во полето на трговија со луѓе, рецидивизмот кај жртвите, односно претходното појавување како жртва во ланецот на трговија изнесува само 7%[69]. Податоците од Коалицијата "Сите за правично судење" говорат само за една жртва која што се појавува во два различни предмета.

[67] Интересно е да се напомене дека податоците од извештајот на ИОМ (Кон прирачникот за јавни обвинители во кривичниот прогон на трговија со луѓе, ИОМ, Анекс 8) се однесуваат на вкупно 739 жртви коишто биле регистрирани во Р. Македонија, додека, пак, во двегодишниот период од следењето на предмети од страна на Каолицијата "Сите за правично судење" ("Казненоправен одговор на организираниот криминал", февруари 2007, Скопје, Виолета Велкоска) се регистрирани само 75 жртви.
[68] Ибид
[69] Ибид

Во најголем број случаи документите им се конфискувани на жртвите уште за време на транспортот до последната дестинација.

Жртвите се најчесто чувани во истите локали каде што и ги давале своите услуги на клиентите, иако не толку ретко истите се носени од страна на трговците и по локалните хотели во гостиварскиот и тетовскиот регион. Слободата на движење главно им е лимитирана на просториите на ноќниот бар, коишто биле добро чувани од страна на персоналот кој работел таму. Ретките излегувања биле строго контролирани и секогаш со придружба. Само во 6% движењето им било дозволено согласно сопствениот избор, додека во 54% слободата им била целосно лимитирана.

На жртвите при самото пристигање им е сервирана приказната за големите трошоци кои што трговците ги имале за да ја превезат жртвата преку граница и за обврската на истата да го обработи долгот. Мошне често во комуникацијата помеѓу сопственикот и жртвата посредува женско лице[70]. Тоа лице е задолжено за прибирање на средства од клиенти за дадените сексуални услуги. Жртвите или воопшто немаат пристап до парите или пак сосема ретко биле сведоци на примопредавање на истите.

Чувани се, често во подолг временски период, во нехумани услови, во подрумски простории без прозор. Најчесто слабо хранети, без пристап до медицинско лице, без дозвола за користење презервативи. Секоја манифестација на непослушност е строго казнувана од страна на трговците.

Жртвите се малтретирани, тепани, силувани, чувани под постојан страв дека ќе бидат повредени било тие или нивни блиски лица, дека ќе бидат дадени на други лица кои ќе бидат посурови во однесувањето.

Насилството е нормален составен дел од реализација на ова дело и ефикасно средство за убедување на жртвите да дејствуваат во посакуваниот правец.

Најголеми контроверзи предизвикува прашањето за постоење (и во колкав број) на домашните жртви на трговија со луѓе. Имено, согласно извештајот од истражувањето на домашна невладина организација[71], во Р. Македонија до крајот на 2006 година се регистрирани вкупно 129 жртви-македонски државјанки. Во прифатилиштето за домашни жртви (менаџирано од страна на НВО "Отворена порта") од отворањето во јули 2005 до јуни 2007 им е пружена помош на 39 (евентуални, потенцијални и "вистински") жртви. Доколку оваа бројка се спореди со податокот од Коалицијата за вкупниот број на регистрирани домашни жртви во рамките на постапката пред судот кој изнесува 6, тогаш се јавува поразителен заклучок дека нашата земја на огромен број на жртви не им пружила адекватна заштита.

[70] Сосема исклучителната застапеност на женските лица како обвинети во предметите во врска со трговијата со луѓе, а мошне честото споменување на нивното присуство во исказите на жртвите повторно говори во правец на неидентификување на голем број на учесници во рамките на кривичноправниот настан кај овие дела.

[71] НВО "Среќно детство"

Иако бројот на предмети пред основните судови во Р. Македонија е опаднат, се чини дека ова не е во корелација со постоењето или развојните текови на појавата трговија со луѓе. Имено, согласно податоците од Министерството за внатрешни работи[72], во првото шестомесечје од 2007 година при извршените 15 акциски контроли во 40 угостителски објекти во гостиварскиот и тетовскиот регион, се откриени вкупно 110 женски лица, од кои 57 странски државјанки (сместени во транзитниот центар), додека 53 се македонски државјанки.

Речиси и да не постои извештај, документ којшто трговијата со луѓе не ја карактеризира како најгрубо прекршување на основните слободи и права, напад на личниот интегритет на човекот (пред сè, жените и децата) којшто со себе повлекува штета од огромни размери, како за индивидуата така и за општеството.

## 15. Законската регулатива на статусот на жртвите на трговија со луѓе

Огромен број меѓународни документи ја налагаат обврската на земјите во светот за воспоставување законска регулатива којашто ќе овозможи обезбедување на привремен или траен престој на жртвите на трговија со луѓе, доколку истите завршиле нелегално на нејзината територија. На тој начин се остварува придобивка на два фронта. Имено, на жртвата којашто не е веднаш депортирана во матичната земја (каде што најчесто и не може да н се овозможи каква било помош) н се обезбедува заштита на нејзините права во земјата на дестинација. Воедно и преку обезбедување на нејзиното присуство на територијата каде што се води судската постапка против сторителите на делото Трговија со луѓе, односно преку овозможување на инволвираност на жртвата како сведок во процесот, се зајакнува можноста за гонење и санкционирање на трговците со луѓе.

Начините на кои земјите ја имаат регулирано оваа материја се мошне различни и се движат од модели коишто, пред сè, тргнуваат од аспектот на обезбедување адекватно средство во борбата против овој криминал, односно модели кои правото на престој на жртвата го врзуваат (условуваат) со нејзиното учество во кривичната постапка, и оние кои повеќе се мотивирани од принципот на обезбедување  на најадекватна заштита на жртвите независно од нејзината подготвеност да се приклучи кон гонењето на сторителите на делото.

Имено, законодавствата на различните земји можат да се поделат на оние кои што предвидуваат давање на определено време на жртвата да одлучи дали сака или не да се вклучи во постапката пред судот[73] и оние кои што не го овозможуваат тоа. Првите тргнуваат од ставот дека жртвата заради претрпените психофизички трауми како последица на малтретирањето од страна на трговците, во првичниот период по ослободување од кошмарот, а како резултат на посттрауматскиот стрес, најчесто не е во состојба свесно и волево да одлучува во поглед на понатамошната инволвираност во постапката.

[72] http://www.mvr.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=65
[73] Должината на временскиот период за размислување силно варира, од месец дена во Германија, па сè до три месеци во Холандија.

Приказ на сите можни модалитети на земјите во светот
во однос на регулирањето на статусот на жртвата




Независно дали на жртвата не е доделен период за размислување или не, доколку не се согласи да сведочи во постапката против сторителите на ова дело, истата најчесто се враќа во својата матична земја. Ретки се земјите коишто овозможуваат престој на жртвите, дури и кога истите не сакаат да се јават како сведоци во постапката[74]. Обично останувањето во земјата на дестинација е можно само ако се докаже дека жртвата би била изложена на мачење, нечовечко постапување или понижувачко однесување. За жал, овие ситуации во практиката на земјите се мошне ретки.

[74] Така, на пример, Италија

Доколку жртвата се реши да помогне во процесот против трговците со луѓе, можни се две сценарија. Првото кое најчесто се случува, на  жртвата и се овозможува да остане на територијата на земјата на дестинација сè до траењето на судската постапка. Притоа не ретко првично дадената дозвола за привремен престој може да се продолжува, согласно потребите на таа постапка. Меѓутоа, по завршувањето на главниот претрес жртвите се враќаат во матичните земји.

Второто сценарио, кое е карактеристично за мал број земји, на жртвата по завршувањето на кривичната постапка, односно по истекот на периодот  од привремената дозвола за престој, н овозможува право да аплицира за добивање постојан престој[75].

Не може а да не се забележи дека различните законодавства и покрај тоа што на жртвата н дозволуваат да решава во поглед на нејзиниот статус во земјите на дестинација и во поглед на нејзината инволвираност како сведок во постапка, сепак, истата и не е премногу слободна во изборот. Имено, жртвите коишто најчесто и избегале од своите земји поради тешката социо-економска ситуација во која биле и кои најчесто се преплашени од дополнителната стигматизација што ги чека таму по враќањето, се соочуваат со ситуација на избор на помалото од двете зла: или да се вклучат во постапката пред судот што, воедно значи и дополнителна виктимизација, или, пак, да се соочат со враќањето дома.

Пред донесувањето на Законот за странци на 23.3.2006 год., којшто започнува со примена од 1 јануари 2008, статусот на странските државјани/ки (движењето и престој) во Република Македонија беше регулиран со Законот за движење и престој на странци[76], како и со Правилникот за вршење на работите на Министерство за внатрешни работи[77]. Ниту во Законот, ниту во Правилникот не постоеа одредби кои експлицитно би се однесувале на жртвите на трговија со луѓе и согласно кои истите би се третирале поразлично од третманот којшто го има секој странец во Република Македонија.

Странец можеше да влезе **и да престојува** во Р. Македонија ако има важечка странска исправа или друг документ утврден со меѓународен договор, односно патна исправа издадена од МВР или дипломатско-конзуларно претставништво на РМ[78].

Одобрението за престој можеше да има **привремен или постојан** карактер и истото беше доделувано кога точно определени околности или рокови беа исполнети[79]. Притоа, заштитата на сведокот/жртва на

[75] На пример, жртвите носители на Т визата во САД којашто се издава доколку жртвата е подготвена да сведочи во постапката против трговците, можат да аплицираат за постојан престој под такстативно наброени услови. Слично е и во Белгија доколку жртвата обезбеди информации од есенцијално значење  за судската постапка.
[76] Службен весник на РМ, бр. 36/92 од 8 јуни 1992 год.
[77] Службен весник на РМ, бр. 12 од 10 март 1998 год.
[78] чл. 4 од Законот за движење и престој на странци
[79] Во членот 20 и 23  од Законот за движење и престој на странци, таксативно се наброени причините поради кои може да се одобри барањето за привремен престој, односно временскиот период кој е нужен за да се одобри постојан престој во Р. Македонија.

трговија со луѓе (давање на помош и овозможување на нејзино закрепнување додека не се обезбеди безбедно враќање во матичната земја), односно обезбедувањето на нејзиното присуство како сведок во постапката против трговците со луѓе, не се јавуваше како причина за одобрување на престој на странецот (жртвата) во Р. Македонија.

Контролата по однос на регулираноста и легалноста на престојот на странци на територијата на Република Македонија, односно проверката на важноста на патната исправа, одобрението и основот за престој, дали влегувањето во Републиката е извршено легално на граничен премин и дали има виза доколку таква се бара, дали престојот е уредно пријавен, дали рокот за престој не е пречекорен и слично, ја вршеа овластените службени лица при МВР[80].

Согласно податоците од ИОМ, процентот на жртви на трговија со луѓе кои со себе немале валидни документи, а со самото тоа нелегално престојувале во Р. Македонија, од 2000 година се движи од 53% до 88%.

Непоседување валидна документација согласно казнените одредби на Законот за движење и престој на странци претставуваше прекршок и со себе повлекуваше изрекување парична казна[81].

Воедно, членот 255 од Правилникот за вршење на работите на Министерство за внатрешни работи, утврдуваше дека во случај кога врз основа на важечки документ или на друг пропишан начин не би можел да се утврди идентитетот на странецот или основата за негов престој, а нема основи за сомневање дека сторил кривично дело или прекршок и не поседува средства за егзистенција, ќе се спроведе до граничниот премин и предаде, односно врати на органите на државата од каде што дошол (депортација).

Сето ова наведува на заклучок дека жртвите на трговија со луѓе, согласно претходните законски одредби, во најголем број случаи (повеќе од 50%) беа (или требало да бидат) или прекршочно гонети или веднаш депортирани надвор од Р. Македонија.

На тој начин, се оневозможуваше давање адекватна помош на жртвата во насока на нејзино физичко и психичко закрепнување, се оневозможуваше нејзината соработка во процесот на прибирање на докази против сторителите на кривичните дела во врска со трговија со луѓе, се зголемуваа трошоците со кои би било проследено нејзиното доаѓање заради учество во судската постапката како сведок и, пред сè, се оневозможуваше нејзина физичка заштита од трговците со луѓе.

80 чл. 250 од Правилникот за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи.

81 "Во случаите кога овластено службено лице ќе констатира дека странскиот државјанин сторил кривично дело или прекршок, со изготвената кривична пријава, односно барање за поведување на прекршочна постапка, ќе го спроведе и предаде на надлежниот суд", чл. 251 од Правилникот на МВР

По спроведување на жртвата од страна на полицијата до граничниот премин на соседната земја чијшто државјанин е, реална беше опасноста истата да биде повторно вратена во кругот на трговијата со луѓе.

Притоа се покрена и прашањето што со оние жртви на трговија со луѓе коишто не потекнуваа од соседните земји, како што е случај со најголем број на жртвите?[82]

Таквите откако прекршочно беа казнувани, се враќаа во земјите од каде што илегално влегле во Македонија, со што беа ставени во позиција да прават друг деликт со илегално преминување на границата во друга соседна земја.

По отворањето на Транзит-центарот за странци (првиот центар во регионот) во април 2001[83] во Р. Македонија, од страна на Владата на Р. Македонија, жртвите на трговија со луѓе по идентификување и утврдување на статусот на жртви од страна на полицијата беа/се упатуваат во центарот. Таму, од тимови составени од различни професионални профили, им беше/се обезбедува помош и поддршка.
Во периодот од април 2001 до првата половина на 2007 година од страна на ИОМ им е асистирано на вкупно 771 жртва на трговија со луѓе.

| Година | Странски жртви на трговија со луѓе асистирани од страна на ИОМ, Скопје | Домашни жртви на трговија со луѓе асистирани од страна на ИОМ, Скопје |
|---|---|---|
| 2000[84] | 114 | - |
| 2001 | 257 | - |
| 2002 | 220 | - |
| 2003 | 135 | 1 |
| 2004 | 15 | - |
| 2005 | 3 | 1 |
| 2006 | 14 | 3 |
| 2007 (I половина) | 6 | 2 |
| вкупно | 764 | 7 |
| Вкупно 771 | | |

[82] Согласно Извештајот на ИОМ на првите три места во однос на потеклото на жртвата се наоѓаат Молдавија, Романија и Украина
[83] На 7.3.2001 год. од страна на Министерството за внатрешни работи е донесено Упатство за начинот на работа на транзитниот центар за странци, додека на 4.4.2001 год. беше извршен првиот прием на лица. Центарот се наоѓа во склопот на МВР - Сектор за гранични работи - Одделение за илегална миграција
[84] Пред отворањето на Центарот во 2000 г. жртвите биле сместувани во алтернативни сместувања. Податоци добиени од ИОМ Скопје

Во центарот на жртвите им е ограничено правото на движење. Исклучително, во случај на медицински преглед и обезбедување на присуство на жртвата во судската постапка, е дозволено напуштање на просториите на центарот, кои се обезбедуваат од страна на полицијата[85].

Постоењето на Транзит-центарот[86] претставува една од најголемите придобивки на Р. Македонија во борбата против трговија со луѓе. Сепак, не може а да не се забележи дека присуството на жртвите на трговија со луѓе во Транзит-центарот бараше поподробна законска регулираност. Имено, транзитниот центар за странци, согласно Законот за движење и престој на странци, беше предвиден само како установа во која се упатуваат странските државјани пред нивната репатријација.

И покрај тоа што сè уште не е започната практичната примена на одредбите на новиот Закон за странци, сепак, одредени новини во истиот заслужуваат да бидат искоментирани.

Имено, Република Македонија сега спаѓа во земјите кои на жртвата од трговија и овозможуваат период за размислување за да се одлучи дали ќе соработува со надлежните државни органи во откривање на кривичните дела и сторителите или, пак, ќе се врати во својата држава. Периодот за одлучување изнесува два месеца и истиот постои за на жртвата да и се укаже заштита и помош и за да се избегне влијанието на сторителите на делото Трговија со луѓе[87].

Овој период може да биде продолжен само доколку станува збор за малолетно лице и доколку интересите на малолетникот тоа го бараат. Законот за странци во чл. 81 подробно ја регулира и постапката за прекин на периодот за одлучување, таксативно набројувајќи ги можните причини за истиот да се случи.

По истекот на периодот за одлучување, на жртвата на трговија со луѓе може да и се издаде дозвола за привремен престој поради хуманитарни причини. Притоа издавањето на истата е врзано за одредени услови. Пред сè, престојот на жртвата во Р. Македонија мора да е неопходен за судската постапка против трговците и жртвата мора да покаже јасна намера дека ќе соработува со надлежните органи во откривањето и гонењето на сторителите. Дополнително, жртвата мора да ги има прекинато сите односи со лицата коишто тргувале со неа. Доколку се утврди дека контактите со тие лица се обновени, тоа може да биде основ за одземање на правото за привремен престој. Последното е на сила и доколку жртвата престане да

[85] Влезот во ТЦ се одобрува само на вработените во објектот и на овластени службени лица кои имаат пропусници за влез. Во исклучителни ситуации може да се дозволи влез и на други лица, меѓутоа истите се придружувани од страна на овластени службени лица на МВР.
[86] Структураната поставеност на Транзитниот центар за странци и неговата улога, Практикум за борба против трговија со луѓе и нелегална миграција, Меѓународна организација за миграции, Мисија во Скопје, 2005, стр.36
[87] Не постои компатибилност помеѓу одредбите на Законот за странци во однос на временскиот период за одлучување дали жртвата да се вклучи во постапката или не со одредбите од ЗКП во однос на повикување на лице кое се наоѓа на териоторија на РМ како сведок. Повеќе види: III .2. Положбата на жртвата, Казненоправен одговор на организираниот криминал, Коалиција "Сите за правично судење", стр, 38, Скопје, февруари 2007 год., Виолета Велкоска.

соработува, доколку тоа го наложуваат причините за заштита на јавниот ред и националната безбедност или доколку постапката против сторителите се прекине од страна на надлежните органи.

Дозволата за привремен престој на жртвата на трговија со луѓе може да трае 6 месеци, со право на продолжување. Притоа жртвата не може да биде носител на дозволата за постојан престој во Република Македонија, бидејќи законот во чл. 87 одредува дека ваква дозвола не може да биде издадена на лице коешто имало дозвола за престој од хуманитарни причини.

Се чини дека и нашата земја останувањето на жртвата го врзува со нејзината согласнот да партиципира во постапката пред судот. Во спротивно, истата мора да биде вратена во матичната земја. Воедно, не постојат законски основи истата да остане во Р. Македонија по завршувањето на претресот. Иако може да се дебатира колку ваквиот пристап е навистина во духот на заштита на интересот на жртвата, сепак, не може да се спори дека ваквата регулатива е сосема на рамниште на моделите изградени во другите земји и во секој случај посоодветно решение во однос на она што го содржеше Законот за движење и престој на странци.

Останува практиката да изврши конфирмација на ставот дека Р. Македонија изнашла посоодветен механизам за обезбедување на адекватен статус на жртвите на трговија со луѓе.

## 16. Заработувачката на трговците со луѓе и употреба на механизмите за одземање на истата

Широко е распространето сознанието дека трговија со луѓе претставува форма на организираниот криминал којашто носи најголема финансиска добивка за сторителите. Ваквата оцена ја поткрепуваат меѓународните извештаи[88] кои вршат евалуација на генерираниот приход од различни кривични дела. Имено, бројките се движат од седум до десет милијарди долари на светско годишно ниво[89]. Колку Република Македонија учествува во овие пресметки може само да се претпоставува, од проста причина што вакви анализи во нашата земја не се направени. Неколку индикатори во извештајот на Коалицијата "Сите за правично судење" за бројот на часови на давање сексуални услуги од страна на девојките жртви на трговија кои биле чувани во ноќните локали, за цената на чинење на еден час, на бројот на чувани девојки во рамките на еден локал, односно кај еден од сопствениците, можат да помогнат во креирањето на претпоставките за остварениот приход. Имено, иако непрецизно, сепак, не толку нелогично е да се претпостави дека еден сопственик на ноќен бар може/л да генерира добивка во висина дури и до половина милион евра доколку во барот чувал минимум три девојки за една година. Притоа трошоците што трговците ги имаат за "набавка" на жртвите се движат од 2500 до 4000 евра (иако мошне често истите се "набавувани" по пат на замена).

---

[88] Проценката на Обединетите нации вели дека од седум до десет билиони долари на годишно ниво се остварува профит од оваа форма на организиран криминал, "Women in an insecure world-Violence against Women, Facts, Figures and Analysis", стр. 80

[89] Trafficking in Person Report" June 2005, str. 13; http://www.state.gov/g/tip/rls/tiprpt/2005/

Ваквата пресметка не може да биде поткрепена ниту, пак, со анализа на конфискуваните средства во постапката против сторителите на овие дела од проста причина што конфискацијата на имот, односно на имотната корист претставува осамен случај во судската практика во последните неколку години. Последното е повеќе од чудно, особено доколку се земе предвид дека најмоќното средство на државите во борбата против организираниот криминал, вклучувајќи ја тука и трговијата со луѓе, претставува токму постапката за одземање на остварената добивката од криминалот. Од вкупно 278 лица за кои постапката е завршена во првостепена инстанца, спрема 6 од нив била изречена конфискација на имот (при што биле конфискувани покрај недвижен имот и средства во висина од 86 815 870 денари). Истите се осудени за кривичните дела Злоупотреба при вршење на службена должност и овластување и Перење пари во Основниот суд во Скопје.

Нашиот законодавец тргнувајќи од постулатот дека никој не може да ја задржи посредната или непосредната имотна корист[90], во КЗ ги предвидува основот и начинот на конфискација на имотот, како од физичките така и од правните лица[91]. Имотот и имотната корист прибавени со извршувањето на кривичното дело се утврдуваат во кривична постапка по службена должност. Притоа судот и другите органи пред кои се води кривичната постапка се должни во текот на постапката да собираат докази и да ги извидуваат околностите што се од важност за утврдување на имотот и имотната корист.




[90] утврден во ст. 1 од чл. 97 од КЗ
[91] Компензација на жртвите, Сузбивањето на трговијата со луѓе низ практиката на домашните судови, Скопје, ноември 2005, Виолета Велкоска, стр. 47

Воедно се предвидува и одземање на предметите што настанале од извршувањето на кривичното дело, како и на оние кои биле наменети или се употребени за извршување на делото. Со постоењето на ваква генерална клаузула во КЗ се чини можеби непотребна одредбата од ставот 7 од чл. 418а кој вели дека предметите и превозните средства употребени за извршување на делото Трговија со луѓе се одземаат. Последното особено доколку се земе предвид степенот на нејзина (не)употреба. Имено, спрема ниедно лице обвинето, односно осудено за делото Трговија со луѓе не е изречена мерката одземање предмети. Од вкупно 66 изречени мерки, 55 биле во рамките на делото Криумчарење на мигранти (притоа од сторителите на кривичните дела од чл. 418б и 418в од КЗ државата одзела 39 ПМВ, 2 комбиња, 16 мобилни телефони, 2 куќи, два камиона и парични средства), 2 лица за делото Злоупотреба при вршење на службена должност и овластување и 9 за делото Криумчарење.

## 17. Овозможување на адекватен надомест на жртвите на трговија со луѓе

*"Без правда ниту животот не би бил возможен ниту кога би бил возможен не би било вредно да се живее. За неа низ сите времиња умираа најодбраните духови на кои човечката историја им ја должи својата најголема отменост"*
*Џорџо дел Векио*

Тенденцијата на јакнење на позицијата на жртвата во постапката пред судот во сите законодавства, односно овозможување на истата брза и ефикасна реституција и компензација, а, пред сè, заштита од секундарна виктимизација, доведе до интересно пренасочување на обврската за обезбедување адекватен надомест од еден носител до друг. Имено, во последно време во поголемиот број меѓународни инструменти се нагласува обврската на државата за компензација на жртвата, вклучувајќи ја и жртвата на трговија со луѓе, независно дали истата успеала или не во процесот на обезбедување компензација од страна на сторителот. Меѓутоа, се чини дека во практиката и покрај постоењето на многу различни модели за реализација на компензација, сепак, малку земји (доколку воопштено) можат да се пофалат со ефикасна политика на надоместување на жртвите на трговија со луѓе.

Во поголемиот дел од нив обврската за надомест на штета предизвикана со делото се бара, пред сè, во обвинетиот. Потоа доколку од некои причини истата не може да се реализира од него, државата ги активира механизмите за компензација. Истите се најчесто врзани за постоење на голем број околности, односно критериуми што само го отежнува процесот на надоместување. Доколку на сето ова се додаде и фактот дека во не така мал број случаи ваквата обврска на државата останува на ниво на гола декларација и дека голем број земји со уште немаат обезбедено фондови за компензација, тогаш се чини дека на жртвата н преостануваат механизмите на обезбедување надомест само од страна на сторителите на кривични дела.

Од страна на сторителот жртвата може да биде компензирана било во рамките на граѓанската било во кривичната постапка или, пак, во рамките на двете, во зависност од моделот кој го имаат прифатено земјите. Понекогаш разликата дали ќе се решава по ова прашање во кривичната постапка се врзува за

определени критериуми, како што се: видот на делото, факторот "пролонгирање на постапката", исходот на кривичната постапка, односно дали се донесува осудителна пресуда или не, итн.

Приказ на сите можни начини на компензирање на жртвите




Доколку донесувањето на решението во однос на надоместокот, сепак, е составен дел од кривична постапка, можни се неколку механизми. Првиот[92], којшто овозможува жртвата без да поднесе барање за компензација, со самиот факт што е настаната штета од делото за кое се суди (притоа мора да станува збор за насилни кривични дела) може да биде автоматски компензирана. Имено, судовите се обврзани по службена должност да наредат компензацијата да биде извршена од обвинетиот и дури и да ги определат инструментите за присилно подмирување на обврската, доколку сторителот не го стори тоа доброволно. Ваквиот модел се чини дека има голем број предности пред останатите. Тука, пред сѐ, се мисли на брзината со која се донесува

[92] карактеристичен за Англија и Велс

одлуката за надомест без дополнителен ангажман од страна на жртвата, којашто во ситуација кога правната помош не и е обезбедена се јавува во понезавидна ситуација[93].

Во поголемиот број земји остварувањето на компензацијата се врши преку поднесување барање за компензација главно во која било фаза од кривичната постапка (пред нејзиното завршување). Притоа по истото може да се решава било веднаш, заедно со одлуката во однос на вината на сторителот или, пак, со донесување на дополнителна одлука.
Не е исклучена и можноста по барањето поднесено во кривичната постапка судот да реши да не донесе одлука по истото и жртвата да ја упати своето барање да го реализира во граѓанска постапка.

Тоа автоматски го покренува прашањето за времетраењето на процесот на одлучување по барањето, од една страна, и усогласеноста на истиот со правниот статус на жртвата на територијата на земјата во која се суди. Имено, доколку на жртвата не и стојат на располагање механизмите за обезбедување на легален статус додека трае постапката (сега се мисли на граѓанската постапка надвор од кривичната), тогаш истата е осудена да се откаже од граѓанското имотноправно барање.

Во Република Македонија компензацијата на жртвата се врши со поднесување на имотноправно барање во кривичната постапка. Во граѓанска постапка се решава по ова прашање само кога судот донесува ослободителна пресуда спрема сторителот на делото Трговија со луѓе.

Притоа во кривичната постапка доколку доказите даваат доволна основа за одлучување за надоместокот, тогаш судот ќе донесе решение веднаш, односно заедно со одлуката за санкционирање на виновниот сторител. Меѓутоа, доколку доказите не даваат доволна основа за целосно или делумно пресудување по имотноправното барање, а за нивно дополнително обезбедување постои опасност од неоправдано оддолжување на кривичната постапка, судот со пресудата ќе го досуди само основот, или основот и делумно износот на имотноправното барање,  а за износот на имотноправното барање или остатокот од тој износ ќе донесе дополнителна пресуда. Притоа во законот не постои одредба за временскиот рок во кој дополнителната пресуда би требало да биде донесена.

Последното е од особено значење, затоа што неколкуте дополнителни пресуди коишто се чека да бидат изречени во предметите за делото Трговија со луѓе, дури и после две до три години, сè уште не се донесени.

Доколку се земе предвид дека само во скромни три случаи (три жртви) во Р. Македонија е изречена компензација за **нематеријална** штета на жртви на трговија со луѓе и покрај обврската на судот по

[93] Паралелно во Англија (Шкотска и Велс) постои таканаречената шема за компензација на повреди од кривично дело (Criminal Injures compensation scheme) со која се обезбедува надомест на жртвите на насилни дела. Имено, лицето кое било жртва на дело на насилство извршено на територијата на Велика Британија има право на апликација до Criminal Injuries Compensation Authority за добивање на надоместок за психичка или физичка повреда (повеќе на https://www.cica.gov.uk)

однос на барањата за надомест задолжително да решава во кривичната постапка, се чини дека нашата земја не може да се пофали со добра практика на компензирање на жртвите. Фрапантен е податокот дека ситуацијата е слична (или полоша!) во другите земји од регионот.

Причините за тоа можат да се бараат во неколку насоки. Пред сè, подготвеноста на судиите да ги имплементираат промените во ЗКП од 2004 година и да ја напуштат навиката жртвите да ги упатуваат на граѓанска парница. Понатаму, малиот број на наредени вештачења со што се создаваат проблеми при утврдување на адекватна компензација. Воедно тука мора да се напоменат проблемите на обезбедување повторно присуство на жртвата, со цел да биде извршено подоцнежно вештачење откако веќе била вратена во матичната земја, како и проблемите на неблаговременоста на вештачење, затоа што вистинската ситуација, односно психолошките и физичките последици од мачењето на жртвите од сторителите можат реално да се утврдат непосредно по извршувањето на делото. Последното се става во корелација со долгиот временски период којшто поминува помеѓу моментот на реализација на делото и времето на судењето. Доколку кон сето ова се додаде и неупотребата на механизмите за обезбедување на имотноправното барање, тогаш можеби ќе се добие појасна претстава на факторите кои дејствуваат во спротивен правец од саканиот во однос на надоместување на жртвите во Р. Македонија.

Имено, нашиот ЗКП во член 203-а одредува дека истражниот судија или советот со решение може да определи привремено обезбедување на имот или средства што се во врска со кривичното дело. Под привремено обезбедување на имот или средства се подразбира привремено замрзнување, запленување, задржување на фондови, банкарски сметки и финансиски трансакции или приноси од кривичното дело. Оваа одредба во практиката до октомври 2007 година е употребена само во еден случај.

*Имено, Основниот суд Куманово ги осудил на казна затвор во висина од пет до седум години, седум лица по член 418а, став 1 од КЗ. Кон крајот на 2003 година првообвинетиот (сега првоосудениот) на оштетената лажно ветувајќи и дека ќе ја земе за жена и предложил да избегаат заедно во Германија. Притоа ја навел од својот дом да земе поголема сума пари.*

*Сместувајќи ја во хотелска соба во Куманово започнал да ја малтретира и да ја удира со пиштол по грбот и да ја влече за коса. Од нејзиното тело гасел запалени цигари. Ја пренесол во друг хотел во Скопје, каде што четири дена била присилувана да дава сексуални услуги на повеќе непознати лица. По истекот на истите, ја вратил во првичниот хотел во Куманово притоа јавувајќи им на четворицата од останатите обвинети дека оштетената се наоѓа во хотелот. Оштетената ја удирале со раце и нозе по телото, ја собориле на подот и ја информирале дека им е продадена. Ја пренеле до друг мотел каде што повторно ја тепале, заканувајќи и се дека ќе и ги изгорат прстите на греалка. По повеќекратно силување од сите нив оштетната била подавана на други лица заради сексуална експлоатација.*

*Во една прилика успеала да побегне од четворицата сторители на делото и се упатила кај таткото на првообвинетиот, кажувајќи му ја својата приказна на терор и злоупотреба. Измамена повторно дека неговиот син мора да ја земе за жена, а со цел да ја сокрие додека не се среди работата, шестообвинетиот ја однел во "сигурна куќа" на Косово. Организирајќи нелегален премин преку граница, ја предал на други две лица коишто продолжиле со сексуалната злоупотреба.*

*Повторно сместена во хотел, физички малтретирана, натерана да пие и да голта таблети со непозната содржина, силувана, повторно е проследена понатаму до нови "газди" заради експлоатација. Како резултат на долготрајното малтретирање, а во склопот на посттрауматското стресно растројство, оштетената има нагласена анксиозност и депресивност со заканувачки показатели за продлабочување на симптоматологијата, стои во наодот и мислењето на вештото лице. Судот на име надомест на нематеријална штета во рамките на истакнатото имотноправно барање одлучил износот од 216,666,00 МКД да биде исплатен од страна на сите осудени лица. Заради обезбедување на имотноправното барање наредена е мерката* ***привремено обезбедување на имот на обвинетите****. Со тоа овој предмет е првиот во практиката на нашите судови во рамките на темата трговија со луѓе во којшто е изречена мерката за обезбедување на имотноправно барање.*

Кривичниот законик во членот 99 утврдува можност за намирување на имотноправното барање поднесено во кривичната постапка од конфискуваните средства на сторителот доколку се поведе спор во рок од шест месеци од денот на правосилноста на одлуката со која односното лице, односно оштетената жртва е упатена на спор. Меѓутоа, доколку имотноправно барање не било поднесено во кривичната постапка, тогаш намирување од конфискуваните средства на сторителот може да се бара во спор во рок од три месеци од дознавањето за пресудата во однос на конфискацијата.

За жал, ниту оваа одредба не може да помогне во реализација на имотноправното барање на жртвата доколку не постои почеста практика на конфискација на имотот на трговците со луѓе.

Не смее да се заборави и одредбата од членот 180 од ЗКП којашто дозволува имотноправното барање да се наплати од дадената гаранција како мерка за обезбедување на присуството на обвинетиот на главниот претрес. Истата не е заживеана во практиката, пред со, заради ниедна изречена гаранција во постапката против трговците со луѓе. Од вкупно 6 регистрирани мерки гаранција во рамките на сите набљудувани предмети, пет од нив биле замена за мерката притвор во делото Криумчарење на мигранти, додека една е изречена кај делото Посредување при вршење проституција[94].

Покрај физичките последици коишто настанале врз жртвите како резултат на малтретирање од страна на трговците, со поголемо внимание а воедно и со поголема тежина, се третираат психолошките оштетувања

[94] 5 од вкупно 6 мерки гаранција, биле изречени во Основниот суд во Битола
[95] Психосоцијална поддршка на жени жртви на трговија со луѓе, Верица Стаменкова Трајкова, 2004, Скопје

на младите девојки и жени. Имено, согласно истражувањето[95] на невладината организација "За среќно детство", спроведено од страна на формираниот тим за давање на психосоцијална поддршка на жртвите на трговија со луѓе во Транзит-центарот 90 % од девојките со кои било работено манифестирале пореметувања во однос на однесувањето и процесот на приспособување како што е: депресивно расположение, плачење и чуство на беспомошност, несигурност, лутина, зависност од други лица, намален праг на толеранција и физички немир, деструктивност и агресивност.

Изречена мерка гаранција




Доколку на сето ова се додадат и трајните последици коишто некои од жртвите ги имале во однос на нивните репродуктивни органи (тука се мисли на не толку ретките ситуации на подложување на абортус спроведен во лоши услови), се добива впечаток дека дури и кога би им бил обезбеден мошне висок надомест за претрпеното зло на жртвите како што, секако, не е случај во нашата практика, штетата направена врз нив е од иреверзибилен карактер.

Вештачењата кои се единствен меродавен инструмент за определување на правична надомест за оваа штета мора да бидат поприсутни во предметите на трговија со луѓе.

## Заклучоци:

Сите жртви, сведоци во постапката, се од женски пол, во најголем број странски државјанки и тоа најчесто од Молдавија и Романија. Домашните жртви се повеќе исклучок отколку правило.

Различните законодавства и покрај тоа што на жртвата и дозволуваат да решава во поглед на нејзиниот статус во земјите на дестинација и во поглед на нејзината инволвираност како сведок во постапка, сепак, истата и не е премногу слободна во изборот. Имено, жртвата може или да се согласи да сведочи или, пак, да биде повторно вратена во матичната земја во оние услови од кои и избегала.

Република Македонија спаѓа во земјите кои на жртвата од трговија и овозможува период за размислување од два месеца за да се одлучи дали ќе соработува со надлежните државни органи во откривање на кривичните дела и сторителите или, пак, ќе се врати во својата држава.

И покрај законската можност за намирување на имотноправното барање поднесено во кривичната постапка од конфискуваните средства на сторителот, доколку се поведе спор во рок од шест месеци од денот на правосилноста на одлуката со која односното лице, односно оштетената жртва е упатена на спор, за жал, реализација на оваа одредба не е возможна доколку не постои почеста практика на конфискација на имотот на трговците со луѓе. Имено, одредбите за конфискација на имот или имотна корист прибавена со кривичното дело, како и одредбите за привремено обезбедување имот или средства што се во врска со тоа дело, сосема исклучително се применуваат во практиката на нашите судови.

Спрема 6 од вкупниот број на осудени лица била изречена конфискација на имот. Истите се осудени за кривичните дела Злоупотреба при вршење на службена должност и овластување  и Перење пари во Основниот суд во Скопје. Од вкупно 5 изречени мерки одземање на предмети, 55 биле во рамките на делото Криумчарење на мигранти, 2 лица за делото Злоупотреба при вршење на службена должност и овластување и 9 за делото Криумчарење.

Македонија може да се пофали со релативно успешно спроведена политика на обезбедување на сведоци во судската постапка против сторителите на кривичното дело Трговија со луѓе.

Скромниот број на изречените надоместоци за нематеријална штета на жртви на трговија со луѓе говори во прилог на ставот дека нашата земја не може да се пофали со добра практика на компензирање на жртвите.

## Препораки:

Употребата на одредбите за конфискацијата на имот, односно на имотната корист е нужен императив и најмоќно средство на државите во борбата против организираниот криминал, вклучувајќи ја тука и трговијата со луѓе. Практиката на ретките изрекување на истите претставува опструкција во процесот на успешно справување со овој феномен.

Потребно е воспоставување на времена рамка во којашто судот би имал обврска да ја донесе дополнителната пресуда со која постапува по имотноправното барање поднесено во рамките на кривичната постапка во пред судовите во Македонија.

Неопходно е постоење на усогласеност на правниот статус на жртвата на територијата на земјата во која истата се јавува како оштетено лице, во постапката со механизмите за обезбедување соодветна компензација (се мисли на граѓанската постапка надвор од кривичната), со цел истата да може да го оствари граѓанското имотноправно барање.

# Глава VI
# Времетраење на поставката



# Времетраење на постапката

*"Целта на законот не е да ја укине или ограничи,*
*туку да се очува или зголеми слободата"*
*Џон Лок*

Анализата на фреквенцијата на одлагањето на главниот претрес во рамките на сите набљудувани предмети од областа на организираниот криминал во периодот од почетокот на јануари 2005, па до крајот на јуни 2007 година, како и анализата на причините за одлагањето, овозможува креирање претстава за времетраењето на постапката и оправданоста на истото.

При статистичката обработка на временскиот период за којшто се одлагаат рочиштата се зедоа предвид два критериума: основниот суд пред којшто се суди делото и видот на кривичното дело.

Притоа, во најголем број случаи во Основните судови Скопје и Битола (како и Куманово и Штип, меѓутоа заради премалиот број на следени рочишта пред овие судови податокот за нив мора да се земе предвид со резерва), предметите биле одложени за временски период помал од 30 дена.

Во Основниот суд во Охрид само во 22 % од случаите предметите биле одложени за време пократко од еден месец. Со високи 37 % од вкупниот број на следени рочишта, истите се одложени на подолг временски период од 60 дена. На тој начин постапката е осудена да започне одново.[96] Не заостанува и Основниот суд во Гостивар со 26 % од вкупниот број на одложени рочишта над 60 дена.

Време за кое се одлага
претресот по судови во проценти




Со цел избегнување на добивање погрешна претстава за затекната ситуација пред различните судови, поради несразмерниот број на следени предмети во графиконот подолу се прикажани одлагањата за различен временски интервал по број на набљудувани рочишта.

[96] Согласно чл. 297 (ст. 5) од ЗКП доколку одлагањето на претресот трае подолго од 60 дена, истиот ќе започне одново.

Време за кое се одлага предметот по број на рочишта




Доколку се тргне од видот на кривичното дело во корелација со времето на одлагање на претресот, ќе се добие следнава ситуација: во речиси сите (ако не и сите) случаи на одлагање во предметите во врска со делата Криумчарење на мигранти (како и организираната форма од чл. 418в од КЗ), Злоупотреба на службената положба и овластување и Примање поткуп, претресот бил презакажан за време пократко од 30 дена. Кај предметите во врска со делото Посредување при вршење проституција процентот на одложени рочишта за помалку од 30 дена изнесува (најниско) 43. Воедно кај ова дело и процентот на предмети одложени над 60 дена е највисок и изнесува 19 % од вкупниот број одлагања.

Време за кое се одлага претресот по кривични дела во проценти




При анализата заради поголема точност земени се предвид само оние дела кои почесто се јавуваат во набљудувачкиот процес на Коалицијата.

Време за кое се одлага претресот по кривични дела и број на рочишта



Горенаведената ситуација не нè изненадува доколку се земе предвид дека најголем број предмети во врска со делото Трговија со луѓе се набљудувани пред Основниот суд во Тетово (види табела погоре), додека пак најголем број дела Посредување при вршење проституција се следени пред Основниот суд во Гостивар.

Број на предмети по кривични дела и судови




Автоматски се наметнува прашањето дали факторите врзани за видот на кривичното дело (на пример, неможноста за обезбедување на присуството на жртвата/сведок на трговија со луѓе на главниот претрес преку користење на одредбите за меѓународна соработка) се заслужни одлагањето на претресот да биде понекогаш во толку големи интервали или, пак, должината на постапката е во директна корелација со екипираноста на судот, оптовареност со работа, услови на опкружување и сл. Она што предизвикува

најголем интерес претставува линијата на процентот на предмети одложени на подолго време од 60 дена и причините кои се јавуваат за таквото одлагање. Податоците покажаа дека во Основните судови во Гостивар, Тетово и Охрид во предметите во врска со делата Трговија со луѓе и Посредување при вршење на проституција постои највисока стапка на одлагање подолго од два месеца. Состојбата утврдена во Извештајот на Коалицијата од 2005 и 2006 година[97] во однос на причините за одлагање останува иста и во 2007 година (главно поради не толку драстично променетиот број на предмети во врска со овие две кривични дела).







Додека, од една страна, отсуството на обвинетата е во најголем процент причина за долгите одлагања, од друга страна, висок е и процентот на одлагање поради необезбедување на присуството на обвинетиот и неговиот бранител. Последното со себе го повлекува прашањето дали се употребени и како се употребени сите законски дадени инструменти за обезбедување на нивното присуство.

На површина се исфрла уште еден проблем во врска со брзината на развој на сите фази во постапката. Имено[98], претседателот на советот ќе го закаже главниот претрес најдоцна во рок од 30 дена од денот на

[97] Казненоправен одговор на организираниот криминал
[98] согласно чл. 295 од ЗКП (пречистен текст)

приемот на обвинителниот акт во судот. Од податоците со кои располага Коалицијата во однос на времето поминато од моментот на прием на обвинителен акт во судот (односно решавање по приговор), па сè до закажување на првото рочиште произлегува дека само во 4 случаи (12%) овој инструктивен рок бил испочитуван. Просечното времетраење во практиката на домашните судови на овој период е барем двапати подолго од законски определениот.

Време од поднесување обвинителен акт до закажано прво рочиште




Доколку претходно наведеното се стави во корелација со високиот процент на притворени лица во делата од областа на организираниот криминал, како и со обврската сите органи кои учествуваат во кривичната постапка да постапуваат со особена итност кога обвинетиот е во притвор, тогаш се наметнува заклучокот дека можеби во оваа фаза од постапката напорите да се постапува колку што е можно побрзо не се доволни. Имено, спрема 61% од вкупниот број на обвинети лица (278) е изречена мерката притвор.




Табелата подолу го прикажува бројот на обвинети лица за секое кривично дело, како и бројот на изречени мерки притвор спрема тие лица.

| Вид на кривично дело | Број на обвинети лица по кр. дела | Број на изречени мерки притвор | % на изречени мерки притвор |
|---|---|---|---|
| 418а Трговија со луѓе | 42 | 19 | 45 |
| 191 Посредување во вршење на проституција | 44 | 11 | 25 |
| 418б Криумчарење на мигранти | 91 | 72 | 79 |
| 215 Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги | 6 | 5 | 83 |
| 357 Примање поткуп | 25 | 21 | 84 |
| 418в "организирана форма" | 62 | 50 | 80 |
| 279 Перење пари | 3 | 1 | 33 |
| 140 Противпрано лишување од слобода | 1 | 1 | 100 |
| 353 Злоупотреба на службена положба и овластување | 24 | 15 | 63 |
| 273 Даночно затајување | 20 | 7 | 35 |
| 378 Фалсификување исправа | 5 | 4 | 80 |
| 247 Измама | 3 | 3 | 100 |
| 361 Фалсификувана службена исправа | 4 | 1 | 25 |
| 278 Криумчарење | 11 | 11 | 100 |
| 237 Разбојништво | 5 | 4 | 80 |
| 60 акцизи | 9 | 7 | 78 |
| 396 | 3 | 3 | 100 |
| 247 | 3 | 3 | 100 |
| 394 | 5 | 5 | 100 |
| 280 | 1 | 1 | 100 |
| 382 | 1 | 1 | 100 |
| 141 | 1 | 1 | 100 |

Не обрнувајќи внимание на делата коишто исклучително се појавиле во рамките на набљудувачкиот процес, анализата на предметите во врска со дела за коишто постои поголем број на обвинети лица ни покажува дека највисок процент на изречени мерки притвор  постои кај делото Примањето поткуп. Веднаш по него следи делото по чл. 418в од КЗ со високи 80% од вкупниот број на обвинети лица. Најмалку изречени мерки има кај делото Посредување при вршење проституција, односно кај Трговијата со луѓе.




Како и во претходните две години, се потврдува заклучокот дека притворот е најчесто употребувана мерка за обезбедување на присуството на обвинетите лица на главниот претрес, како и успешното водење на постапката.




Имено, за разлика од 166 изречени мерки притвор, само во 17 случаи станува збор за приведување. Во две ситуации приведувањето преминало во притвор, но затоа притворот бил заменет со гаранција во вкупно 6 случаи.

Со решение на истражниот судија (или со решение на советот) притворот може да трае најдолго 30 дена од денот на лишувањето од слобода. На образложен предлог од истражниот судија или јавниот обвинител, советот може притворот во текот на истрагата да го продолжи најмногу за уште 60 дена. Доколку истрагата се води за кривично дело за кое според законот може да се изрече казна затвор во траење од најмалку

пет години, на образложен предлог на истражниот судија, советот на непосредно повисокиот суд може по истекот на овој рок да го продолжи уште најмногу за 90 дена. Притоа вкупното траење на притворот во истрагата не може да биде подолго од 180 дена.

По подигнување на обвинението притворот може да трае најмногу до една година, за кривичните дела за кои може да се изрече казна затвор до 15 години, односно до две години, за кривичните дела за кои може да се изрече казна затвор доживотен затвор.






Во рамките на набљудуваните предмети најголемиот број на изречените мерки притвор (32%) траеле подолго од 180 дена.

Притоа најдолгиот притвор е карактеристичен за делото по чл. 418б и 418в од КЗ. Имено, во околу 80 % од вкупните мерки притвор коишто траеле подолго од 180 дена станува збор за предмети во врска со делото Организирање на група и поттикнување на извршување на делото криумчарење на мигранти. Во 12% од притворот над 180 дена отпаѓа на трговија со луѓе.

Со оглед на фактот во притворски предмети да се постапува во согласност со начелото на итност, логично е да се очекува дека предметите во кои што е изречена мерката притвор према обвинетото лице завршуваат побрзо во однос на оние каде што мерката не е изречена.

Следејќи го времетраењето на постапката од поднесување обвинителен акт до донесување првостепена пресуда во набљудуваните предмети од областа на организираниот криминал и тоа по вид на кривично дело, се кристализираат следниве податоци: во предметите во врска со делото. Посредување при вршење проституција просечната должина на постапката изнесува 630 дена, додека во предметите во врска со делото Трговија со луѓе е 386. Делата Криумчарење на мигранти се судат за просечно време од 188 дена.

Значително побргу завршуват предметите во врска со делата Злоупотреба на службена положба и овластување како и Примањето поткуп[99].

Должина на постапка во денови




[99] Доколку во пресметката се додаде и времето на петте предмети кои биле вратени на повторно разгледување во првостепена постапка, тогаш средните вредности за должината на постапката кај одредени дела се менува. Имено, просечното времетраење на предметите во врска со Трговијата со луѓе изнесува 435 дена, додека кај предметите во врска со делото Посредување при вршење проституција се зголемува на 709 дена и делото Криумчарење на мигранти на 203 дена.

Доколку должината на постапката кај одредени кривични дела се спореди со висината на процентот на изречени мерки притвор спрема обвинетите кај тие дела (како што се зголемува притворот се намалува должината), уште на прв поглед се добива претстава за постоење зависност.




Меѓутоа, за колкава зависност се говори може да се види доколку се пресмета просечното траење на предметите во врска со најчесто набљудување застапените дела (чл. 418а, 418б, односно 418в и 191 од КЗ) во коишто е изречена мерка притвор и истото се спореди со траењето на оние предмети во коишто ваквата мерка не била изречена. Имено, додека кај Криумчарењето на мигранти (и организираната форма) разликата во должината на постапката во предметите со и без притвор е речиси незабележителна, кај делото Трговија со луѓе предметите во коишто притворот не е изречен траат 114 дена подолго отколку кај оние кај кои што притворот е изречен. Разликата кај делото Посредување при вршење проституција е 192 дена.

| | **со** | **без** |
|---|---|---|
| **418б/в** | **180** | **214** |
| **418а** | **299** | **413** |
| **191** | **427** | **619** |

Во речиси половина од ситуациите во предметите набљудувани од јануари 2005 до октомври 2007 година, отсуството на еден или повеќе од релевантните актери во постапката е **причина за одлагање** на главниот претрес. Во многу помал број случаи одлагањето се врши заради обезбедување нови сведоци, причини на страна на судот, обезбедување материјални докази итн. Прекин на главниот претрес најчесто се прави заради одмор, а поретко заради подготовка на завршни зборови[100].

[100] Согласно чл. 298 претседателот на советот може да го прекине главниот претрес заради одмор, или за кратко време да се пријават определени докази, или заради подготвување на обвинението или на одбраната.




**Отсуството на учесниците** во постапката како причина за одлагање се јавува во 47 % од вкупниот број на ситуации[101].




Согласно очекувањата во рамките на сите набљудувани предмети, во најголем број случаи (18%) станува збор за отсуство на обвинетиот, иако и отсуството на бранителите на обвинетите (13%) зазема високо место. Многу поретко претресот се одлага поради отсуство на оштетеното лице во постапката, како и сведоците (не и оштетениот сведок[102]). Меѓутоа, доколку се направи анализа на тоа кои актери се јавуваат како причина за одлагање по вид на кривично дело, ќе се забележи голема разноликост.




[101] За 4 % помалку во однос на претходните две години
[102] Оштетениот како сведок е издвоен од другите сведоци како посебна категорија поради значењето што истиот го има за темата на набљудување




Во предметите во врска со делото Трговија со луѓе кај кои отсуството на клучните лица во постапката зазема високи 77 % од вкупниот број на причини за одлагање, на прво место се наоѓа категоријата: "отсуство на обвинето лице". Истата заедно со категоријата "отсуство на бранител" се во повеќе од половина случаи причина за пролонгирање на постапката. Присуството на сведоците во постапката најтешко се обезбедува во  предметите во врска со делото Посредување во вршење на проституција.

Иако повеќе од  половина од обвинетите лица во предметите во врска со делото по чл. 353 од КЗ (Злоупотреба при вршење на службена должност и овластување) се наоѓаат во притвор во времето на судење, сепак, во релативно високи 16 % од случаите отсуството на обвинетиот се јавува како причина за одлагање. Затоа, пак, кај ова дело бранителите се чини дека се најсовесни во однос на присутноста на главниот претрес.






Отсуството на главните учесници во постапката претставува најголем проблем во Основниот суд во Тетово со највисоки 75%, додека пак најмал во Основниот суд во Скопје (15%). Притоа, неприсуството на обвинетиот и неговиот бранител се најчеста причина за одлагање на претресот.




## Заклучоци:

Процентот на предмети кои биле одложени на подолг временски период од 60 дена, а со самото тоа и однапред "осудени" на повторно започнување, во рамките на речиси тригодишното набљудување, изнесува 26 од вкупниот број на одлагања во Основниот суд во Гостивар, само во 4 во Основниот суд во Битола, 37 во Основниот суд во Охрид и 14 во Основниот суд во Тетово.

Доколку се земе предвид периодот за кој се одложени предметите, во однос на видот на кривичното дело, се наметнува заклучокот дека во 14% од случаите, предметите во врска со делото Трговија со луѓе биле одложени на време подолго од 60 дена. Тој процент изнесува 19 кај делото Посредување при вршење проституција, додека кај делото Криумчарење на мигранти е минорно застапен и изнесува 1%.

Отсуството на учесниците во постапката чиешто присуство е неопходно за одржување на главниот претрес се јавува како најчеста причина за одлагање (47%) на постапката. Притоа најголем процент (18%) отпаѓа на обвинетиот и неговиот бранител (13%).

Во предметите во врска со делото Трговија со луѓе кај кои отсуството на клучните лица во постапката зазема високи 77% од вкупниот број на причини за одлагање, на прво место се наоѓа категоријата: отсуство на обвинето лице. Последната заедно со категоријата отсуство на бранител се во повеќе од половина случаи причина за пролонгирање на постапката. Присуството на сведоците во постапката најтешко се обезбедува во предметите во врска со делото Посредување во вршење проституција.

Отсуството на главните учесници во постапката претставува најголем проблем во Основниот суд во Тетово со највисоки 75%, додека пак најмал во Основниот суд во Скопје (15%).

Анализата на времето поминато од моментот на прием на обвинителен акт во судот (односно решавање по приговор), па со до закажување на првото рочиште кое што согласно чл. 295 од ЗКП би требало да биде за најмногу 30 дена, покажува дека само во четири случаи (12%) овој инструктивен рок бил испочитуван. Просечното времетраење во практиката на домашните судови на овој период е барем трипати подолго од законски определеното.

Спрема речиси 60% од вкупниот број на обвинети лица (278) е изречена мерката притвор. Притоа биле притворени 45% од вкупниот број лица обвинети за кривично дело Трговија со луѓе, 25% за делото Посредување при вршење проституција, 79% за Криумчарење на мигранти, 63% за Злоупотреба при вршење на проституција.

Притворот претставува најчесто употребувана мерка за обезбедување на присуството на обвинетите лица на главниот претрес, како и успешното водење на постапката. Имено, за разлика од 166 изречени мерки притвор, само во 17 случаи станува збор за приведување. Во две ситуации приведувањето преминало во притвор, но затоа притворот бил заменет со гаранција во вкупно 6 случаи.

Во рамките на набљудуваните предмети  најголемиот број на изречените мерки притвор (32%) траеле подолго од 180 дена. Притоа најдолгиот притвор е карактеристичен за делото по чл. 418 би  418в од КЗ. Имено, во околу 80% од вкупните мерки притвор коишто траеле подолго од 180 дена станува збор за предмети во врска со делото Организирање на група и поттикнување на извршување на делото Криумчарење на мигранти. Во 12% од притворот над 180 дена отпаѓа на Трговија со луѓе.

Просечната должина на постапката во предметите во врска со делото Посредување при вршење проституција изнесува 630 дена, додека во предметите во врска со делото Трговија со луѓе е 386 дена. Делата криумчарење на мигранти се судат за просечно време од 188 дена. Значително побргу завршуват предметите во врска со делата Злоупотреба на службена положба и овластување, како и Примање поткуп.

## Препораки:

Судовите мора да ги преземат сите можни мерки за намалување на временскиот период за којшто се презакажуваат рочиштата во предметите од областа на организираниот криминал. Посебно внимание треба да се посвети на недозволување на преминување на рокот од 60 дена, со чиешто изминување постапката пред судот треба да започне одново.

Судската ферија не смее да биде причина за повторно започнување на постапката, поради одлагање на подолг временски период од 60 дена.

Имајќи ја предвид високата стапка на одлагање на претресот поради отсуство на обвинетиот, а воедно и големиот број на мерки коишто му стојат на располагање на судот  за обезбедување на неговото присуство и успешно водење на кривичната постапка, пожелно е во праксата на нашите судови да се направат напори за почеста употреба на истите. Во ситуациите кога не е нужно изрекувањето на мерката притвор почестата употреба на "другите превентивни мерки" внесени со промените на ЗКП, можеби ќе доведат до намалување на времетраењето на постапката.

Неопходно е почитување на инструктивниот рок од 30 дена од моментот на прием на обвинителен акт во судот (односно решавање по приговор), па сè до закажување на првото рочиште во сите предмети, а особено во оние во коишто спрема обвинетите е изречена мерката притвор.

# Глава **VII.**
# Одмерување на казната во предметите во врска со делата на организираниот криминал

# Одмерување на казната во предметите во врска со делата на организираниот криминал

*"Тој што му простува на виновникот, му штети на невиниот"*
*Наполеон*

Повеќегодишното набљудување на судските предмети од страна на Коалицијата овозможува и континуирано следење на висината на санкциите за виновните сторители на одредени кривични дела, односно регистрирање на тоа колку изречените казни затвор се движат во рамките на определениот законски минимум и максимум, а колку често станува збор за употреба на институтот "ублажување на казната".

Следејќи го процентот на ефективните казни затвор кои биле изречени под посебниот законски минимум за делото Трговија со луѓе од 2002 кога е инкриминирано истото[103], па сè до 2006 година, може да се заклучи дека благата политика при судското одмерување на казната преовладува до 2004 година кога овој процент се намалува од 100 до 0. После наглото заострување во 2004 год. се бележи благо зголемување во 2005 и 2006 година.







[103] Податоците до 2004 год. се добиени од Државниот завод за статистика, додека од 2005 до 2007 година од истражувањето на Коалицијата

Ситуацијата со предметите во врска со делото Посредување при вршење проституција од 2000 година наликува на онаа кај делото Трговија со луѓе. Поради заострување на ефективните казни затвор, процентот на санкции под посебниот законски минимум се намалува од 77% во 2000 година, па со до 9 % во 2004 година. Потоа се бележи благо заострување во 2005 година за во 2006 год. сите изречени казни да бидат во рамките на законски определените граници.

Анализата на податоците прибрани во рамките на трите истражувачки проекти на Коалицијата од набљудувачкиот процес спроведен од јануари 2005 до октомври 2007 година покажува дека кај предметите во врска со кривичното дело Трговија со луѓе со исклучок на еден случај, каде што обвинението се однесува на ставот 4 од членот 418а, во сите останати станува збор за ставот 1 од односното дело (односно став 2 во врска со ставот 1).

Во графиконот подолу се прикажани изречените казни затвор за сите виновни сторители на делото по став 1. Истите главно се движат околу линијата на посебниот законски минимум. Притоа према четири (20%) од вкупниот број санкционирани лица е изречена мерка под посебниот законски минимум.

*Во предмет набљудуван пред Основниот суд во Гостивар во којшто е донесена осудителна пресуда за едно лице со казна затвор во висина од 2 години и 6 месеци за делото по чл. 418а, ст. 1 од КЗ, како особено олеснителна околност поради која казната е ублажена под законскиот минимум е земена возраста на сторителот. Имено, обвинетото лице има над 70 години.*




Податоците во однос на ставот 1, 3 и 4 од чл. 191 за којшто е пропишана казна затвор од шест месеци до пет години, како и ставот 6 од истиот член, којшто се однесува на реализација на делото во организирана форма и предвидува казна затвор од една до пет години се идентични со оние прикажани во минатогодишниот

извештај на Коалицијата, од причина што нова пресуда не е донесена во однос на ова кривично дело во рамките на набљудуваните предмети. Имено, казните се движат главно во законски определените рамки, но со тенденција да бидат поблиски до посебниот законски минимум. Притоа процентот на ублажените казни затвор во последните речиси три години (согласно податоците на Коалицијата) изнесува 7.

*Во предмет набљудуван пред Основниот суд во Гостивар лицето извршител на делото Посредување при вршење проституција е осудено на 4 месеци затвор, иако законски предвидената рамка е од 6 месеци до пет години. Како причина за изрекување санкција под законскиот минимум, односно како особено олеснителна околност при реализација на делото се јавува фактот дека лицето е младо, татко на две малолетни деца и дека од времето на извршувањето на делото до моментот на донесување на пресудата поминало многу време. Се чини дека бавноста во постапувањето на органите на прогонот и на процесот на правораздавањето во конкретниот случај се третира како "особено олеснителна околност".*

Посредување во вршење на проституција
чл. 191, ст.1, ст. 3 и ст. 4




Посредување во вршење на
проституција, чл. 191, ст.6



За разлика од претходните две дела, ситуацијата со санкционирањето на делото Криумчарење на мигранти е малку поразлична. Имено, од вкупно 23 лица осудени во првостепена постапка за ставот 2 од членот 418б од КЗ за којшто е пропишана казна затвор од една до пет години, само спрема 8 од нив е изречена казна затвор над посебниот законски минимум.

Криумчарење на мигранти, член 418б, став 2




Во 14 случаи се донесени пресуди по ставот 1 од делото по чл. 418 б, којшто предвидува казна затвор во висина од минимум 4 години. Притоа во 50 % од пресудите станува збор за ублажени казни затвор.

Криумчарење на мигранти, член 418б, став 1




По ставот 4 од односниот член којшто се однесува на санкционирање на криумчарење на малолетни лица и за кој е предвидена казна затвор од минимум осум години се осудени 17 лица. Притоа во 88% случаи станува збор за казни затвор под законскиот минимум.

Криумчарење на мигранти, член 418б, став 4




Анализата на вкупната состојба во однос на висината на сите изречени казни затвор за различните ставови од член 418б од КЗ, покажува дека во 57 % од случаите станува збор за ублажени казни затвор, додека во 26 % казната се движи на линијата на долната законска граница.




Кај делото од чл. 418в од КЗ казните затвор исто така главно се движат околу самиот законски минимум.

член 418в, став 1




член 418в, став 2



Злоупотреба на службена положба и овластување
чл. 353, ст. 3




За сите останати дела од областа на организираниот криминал казните речиси во сите ситуации се над посебниот законски минимум.



Примање поткуп, чл. 357, ст.1







Односно, во 26 % од вкупниот број изречени казни затвор станува збор за употреба на институтот ублажена казна. Најголемиот број од нив се донесени во рамките на предметите во врска со делото криумчарење на мигранти.




Се наметнува прашањето кои се причините за толкавото отстапување од законски определениот модел[104] за санкционирање на сторителите на овие дела. Анализата на образложенијата во пресудите за околностите што биле земени предвид при одмерувањето на казната покажува дека како најчеста причина за краткиот затвор се јавува фактот што сторителот е младо лице, неосудувано со лоша материјална состојба и мошне често родител на малолетно/и дете/деца. Второ прашање кое заслужува внимание е: Дали овие околности може и треба да доведат до висина на казна затвор надвор од законски определениот минимум и максимум, односно дали истите можат да се третираат како особено олеснителни околности утврдени во чл. 40 од КЗ?

Воедно, речиси една третина од казните се на линијата на посебниот законски минимум.




Во рамките на сите пресудени предмети во првостепена постапка во врска со делата од областа на организираниот криминал набљудувани од Коалицијата од јануари 2005 до октомври 2007 год., во 82% од случаите (по осудени лица) станува збор за осудителна, додека во 12% за ослободителна пресуда. Притоа, најголем број ослободителни пресуди постојат кај делата Посредување при вршење проституција и Трговија со луѓе, каде што овој процент изнесува речиси една четвртина од вкупниот број пресуди кај овие кривични дела.

[104] Повеќе за дистинкцијата помеѓу олеснителните околности и особено олеснителните околности на страна 79 од извештајот Казненоправнен одговор на организираниот криминал, Скопје, февруари, 2007, Виолета Велкоска




Петнаесет лица од вкупно 166 спрема кои е изречена мерката притвор сè уште очекуваат судска разврска (или пак не постои податок за видот на пресудата заради случаите на необјавување на истата, односно праксата на писмено информирање на странките за исходот). Во 139 од станатите 151 случаи во рамките на различни предмети, станува збор за лица осудени на казна затвор во првостепената постапка. Она што треба да но вознемири е бројката од вкупно 12 притворени лица коишто биле: ослободени од обвинение и чиешто обвинение се одбива. Имено, во 12 ситуации правото на слобода на тогаш обвинетите лица, им било грубо нарушено.



Тргнувајќи од членот 530 од ЗКП согласно кој лицето што било во притвор а за кое постапката е запрена со правосилно решение (или пак со правосилна пресуда е ослободено од обвинение или пак обвинението е одбиено), има право на надомест на штета, се наметнува заклучокот дека во овие 12 случаи државата има обврска да ја компензира штетата којашто настанала со ограничување на правото на слобода. Интересна за оваа тематика е и одредбата од ставот 4 од истиот член, согласно која право на надомест има и лицето кое поминало во притвор подолго време од времетраењето на казната затвор на коешто било осудено.

Веќе подолго време во правната дискусија се провлекува прашањето за постоење корелација помеѓу притворот и видот на пресудата кон притвореното лице, како и корелацијата помеѓу притворот и изречената казна затвор. Имено, се говори дека притворот влијае во процесот на донесување на одлука во насока на зголемување на подготвеноста на судиите за изрекување на "осудителна" пресуда. Воедно се смета дека при одмерувањето на казната, односно при утврдувањето на должината на затворот, судијата како долна граница ја зема должината на изречената мерка притвор, а не посебниот законски минимум.

Доколку се разгледаат, односно споредат бројот на осудителните пресуди во вкупниот број (во време на претресот) обвинети притворени лица, со бројот на истите такви пресуди во однос на вкупниот број на лица спрема коишто оваа мерка не била изречена, се чини дека можеби и може да се говори за некаква врска. Имено, во 92 % од вкупниот број на притворени лица станува збор за осудителна пресуда. Кај лицата спрема коишто притворот не бил изречен, овој процент (на осудителни пресуди) изнесува 67.

Воедно практиката исфрла на површина и ситуации кога должината на казната затвор изнесува (прецизно) исто колку и должината на мерката притвор.

*Во случај набљудуван пред Основниот суд во Струга лицето НН е осудено на казна затвор во траење од 5 месеци и 16 дена. Спрема истото е изречена мерка притвор на 14.12.2005 година за пресудата да биде донесена на 30.5.2005*

*Во предмет набљудуван пред Основниот суд во Скопје две лица се осудени за кр. дело Перење пари на казна затвор во траење од 4 месеци и 13 дена колку што и траел притворот (од 30.11.2006 до 12.4.2007 година кога предметот е пресуден).*

*Во предмет набљудуван пред Основниот суд во Скопје на лицето ММ обвинето за кр. дело од чл. 418в, ст. 2 вв со ст. 1 од КЗ и за продолжено кр. дело од чл. 418б, ст. 2 од КЗ му е утврдена единствена казна затвор во траење од 8 месеци и 27 дена во која се засметува времето поминато во притвор од 17.2.2006 до 14.11.2006 година. Со оглед на фактот дека за делото од чл. 418 б, ст. 2 во КЗ е пропишана казна затвор во висина од една до пет години, додека за делото од чл. 418в ст. 2 најмалку една година, очигледна е примената на институтот "ублажување на казната затвор",*

*односно одмерување на казна под законскиот минимум. Се чини дека при оценката на особено олеснителните околности во кои е извршено делото, се утврдило дека истите се подобни да доведат до изрекување казна затвор во должина исто колку и мерката притвор. Воедно, очигледна е и примената на принципите за утврдување на единствена казна затвор[105]. Иако овие два института се применети согласно одредбите на КЗ,  сепак, се наметнува впечатокот дека наместо истите да се ставени во служба на основното начело во материјата на одмерувањето на казната затвор-начелото на индивидуализација, тие се ставени во служба на оправдување на должината на траењето на мерката притвор.*

Судот мора да ја изрече и да ја објави пресудата веднаш, или, пак, доколку не е во можност да го стори тоа истиот ден по завршувањето на главниот претрес, ќе го одложи објавувањето на пресудата најмногу за три дена и ќе го определи времето и местото на објавување на пресудата. За жал, во 27% од случаите пресудата била објавена во рок подолг од 3 дена или, пак, странките по завршувањето на главниот претрес само биле информирани дека пресудата писмено ќе им се достави, што претставува напад на одредбата од ЗКП, како и нарушување на начелото на јавност во постапката.




Притоа, најголем број на неизречени, односно необјавени пресуди има во предметите во врска со делата Посредување при вршење проституција, Трговија со луѓе и Криумчарење на мигранти.




[105] Согласно чл. 44 од КЗ ако сторителот со едно или повеќе дејствија стори повеќе кривични дела за кои истовремено му се суди, судот првенствено утврдува индивидуална казна за сите дела за потоа да изрече единствана казна затвор согласно правилата на асперација, апсорпција или кумулација

## Заклучоци:

Во 26% од вкупниот број изречени казни затвор за делата од областа на организираниот криминал станува збор за употреба на институтот ублажена казна. Најголемиот број од нив се донесени во рамките на предметите во врска со делото криумчарење на мигранти. Имено, во 57% од случаите станува збор за казни затвор под законскиот минимум, додека во 26% казната се движи на линијата на долната законска граница.

Во рамките на сите пресудени предмети, во 82% од случаите  станува збор за осудителна, додека во 12% за ослободителна пресуда. Притоа, најголем број на ослободителни пресуди постојат кај делата Посредување при вршење проституција и Трговија со луѓе.

Вкупно 12 притворени лица коишто биле: ослободени од обвинение или пак чиешто обвинение се одбива, имаат право на надомест на штета од страна на државата.

Во 92 % од вкупниот број на притворени лица станува збор за осудителна пресуда. Кај лицата спрема коишто притворот не бил изречен овој процент (на осудителни пресуди) изнесува 67.

И покрај обврската на судот да ја изрече и да ја објави пресудата веднаш (или, пак, доколку не е во можност да го стори тоа истиот ден по завршувањето на главниот претрес, ќе го одложи објавувањето на пресудата најмногу за три дена и ќе го определи времето и местото на објавување на пресудата), во 27% од случаите пресудата била објавена во рок подолг од 3 дена или, пак, странките по завршувањето на главниот претрес само биле информирани дека пресудата писмено ќе им се достави. Овој број е најголем во предметите во врска со кривичните дела Трговија со луѓе и Посредување во вршење проституција и Криумчарење на мигранти.

## Препораки:

Неопходно е дословно почитување на одредбата од законот согласно која судот мора да ја изрече и објави пресудата веднаш (или пак доколку не е во можност да го стори тоа истиот ден по завршувањето на главниот претрес, ќе го одложи објавувањето на пресудата најмногу за три дена и ќе го определи времето и местото на нејзиното објавување).

Изречената мерка притвор не смее да влијае врз видот на пресудата за обвинетото лице коешто се наоѓа во притвор, ниту, пак, врз времетраењето на казната затвор за стореното дело.

# Користена литература

1. Арнаудовски Љ. и Стојановски Т., Трговија со луѓе- криминалитет, Скопје, 2002
2. Бачанович Оливер, Полицијата и жртвата, Штип, 1998
3. Витларев Т., Калајџиев Г., М. Лабович, Т. Стојановски „Системска анализа на законската рамка и соработката меѓу надлежните институциии во борбата против организираниот криминал", Скопје, 2005
4. Гагачев Вангел, Доставувањето на судските писмена според важечките прописи, Материјали од советувањето за доставната служба во судството во Република Македонија, Судиска ревија, 1999, бр. 3,
5. EU Organized Crime Threat Assessment 2006, EUPOL, 5.1.2 OC Group Structures
6. Завршен извештај на Колицијата "Сите за правично судење", јули 2003 до јули 2004
7. Заклучок од состанокот одржан во Словенија, март 2003 со повод " Посебни мерки за заштита на жртвите на трговија со луѓе кои се јавуваат како сведоци во постапката" - Пакт за стабилност - Југоистиочна Европа
8. "Заштита на сведокот во системот на кривичното правосудство" - Извештај на ОБСЕ Мисијата на Косово.
9. Илиева Елизабета, "Иницијатива за соработка на земјите од југоисточна Европа - СЕКИ", Судиска Ревија, бр. 2, септември 2006 год.
10. Ингилизова-Ристова, Лилјана Конвеција на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и казната-конфискација на имотот, Судиска ревија, 2002, бр. 4
11. Јовчески Јован, Влијанието на специјалните истражни мерки врз кривичната постапка, Технички средства за надзор и снимање на комуникациите меѓу луѓето, како истражна мерка во превенцијата и контролата на криминалот, магистерска работа, Скопје, 2003 год.
12. Јорданоски Петар, Проект за поддршка на човековите права, Правна анализа 2006, Скопје, ноември 2006,
13. Judicial Reform Index for Macedonia, November 2003
14. Калајџиев Гордан, Право на притвореното лице на брзо судење, Безбедност, 1994 бр.1
15. Калајџиев Гордан, Право на обвинетиот да му се обезбеди присуство и сослушување на сведоците во негова полза, Годишник на правниот факултет во Скопје, 1996/98, том 38,
16. Камбовски Владо, Казнено правна реформа пред предизвиците на XXI век, Скопје, 2002,
17. Камбовски Владо, Казнено право - општ дел, Скопје, 2004
18. Камбовски Владо, Казнено право, посебен дел
19. Камбовски Владо, Организиран криминал, 2005 Владо Камбовски и Петар Наумовски, "Корупцијата, најголемото општествено зло и закана за правната држава", Коментар на Законот за спречување на корупцијата и на Законот за спречување на перење на пари, Скопје, 2002,
20. Каневчев М. Виктимологија-Учење за жртвата, Годишник на факултетот за безбедност, 2000/2001,
21. Конвенција на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал со протоколите (коментари, прилози, појаснувања и препораки), Министерство за правда
22. К. де Ровер, Притвор, Во служба за заштита, Човекови права и хуманитарно право за полициските и безбедносните сили, МКЦМ,
23. Лажетиќ Бужаровска Гордана, Значење на правото на брзо судење во САД, Годишник на правниот факултет во Скопје, 1996/98, том 38,
24. Лажетик-Бужаровска Гордана, Начини за забрзување на кривичната постапка во Европските законодавства, Македонска ревија за казнено право И криминологија, 1998, бр. 1
25. Legislative Guide for the implementation of the Protocol against Smuggling of Migrants by Land, Sea and Air Supplementing the United nations Convention against Transnational Organized Crime, t. 54, (d) purpose of the articles, Part three,
26. Limanowska Barbara, Trafficking in Human Beings in South Eastern Europe, March 2005,

27. Манев Павел, Забелешки и предлози во врска со притворот, Македонска ревија за казнено право и криминологија, 1995
28. Манев, Павел Неколку казнено правни аспекти на невропсихијатриските вештачења, Македонска ревија за казнено право и криминологија, 1998, бр. 1,
29. Маневски Михајло, Корупцијата во Република Македонија, Превентивни и казнени мерки за спречување, Скопје 2005
30. Марјановиќ Ѓорѓи, Одмерување на казната, Македонско кривично право, Општ дел, Скопје,1998,
31. Матовски Никола, Казнено процесно право, општ дел, 2003 Скопје
32. Матовски Никола, Улогата на бранителот во кривичната постапка, Македонска книга, 1981, Скопје
33. Матовски Никола, Траење на притворот, Системот на казнена постапка во Република Македонија, Годишник на правниот факултет во Скопје, 199/2001 том 39, книга 2,
34. Матовски Никола, Новелата на законот за кривична постапка на Република Македонија од 2004 год., Правен Факултет - Скопје, 2005 год.
35. Mattar Mohamed Y., a comparative Analysis of the Anti-Trafficking Legislation in Foreign Countries: towerds a comprehensive and effective legal response to combating trafficking, 25 June 2003M
36. Migration connected with trafficking in women and prostitution, 25 April 2003, **Report,** Committee on Equal Opportunities for Women and Men,Rapporteur: Ms Zwerver, Netherlands, SOC
37. Migration Connected With Trafficking In Women And Prostitution: An Overview http://www.germanlawjournal.com/
38. Мифтари Агим, Професионалната етика во судството, обвинителството и адвокатурата и нивните меѓусебни релации, Судиска ревија, 2002, бр. 3
39. Мрвик Н., Надомест на штета во кривичната постапка-меѓу репарација и ретрибуција, Безбедност-Ревија на криминалистика, криминологија и кривично право, 1994, бр.2,
40. Национален механизам за упатување, МТСП, Одделение за унапредување на рамноправноста помеѓу половите, Скопје 2005 - 2006
41. Отворена Скопска сцена, извештај Скопје 2005, ХОПС Опции за здрав живот, стр. 12
42. Павловски Ванко, Положбата на оштетениот во кривичната постапка, Судиска ревија, 1996, бр 5,
43. Пејковска С., Д. Мирчевска, М. Кујунџиска, П. Кировски, В. Филовска, Силување и нематеријална штета, Македонска ревија за казнено право и криминологија, 1998, бр. 1
44. Правично суђење - приручник, 22.2.1. Анонимни сведоци,
45. Практикум за борба против трговија со луѓе и нелегална миграција, Мегународна организација за миграции, Мисија во Скопје, 2005
46. Прирачник за обука во рамките на сеопфатната програма за обука, размена и соработка на оперативната група на пактот за стабилност во врска со борбата против трговија со луѓе.
47. Прирачник за обука, "Развој на Модел за обука на судии и ЈО во областа на борба против трговија со луѓе", 2003, Stability pact for South Eastern Europe
48. Проевски Јован, Милан Крцковски, Одлагање и прекинување на главниот претрес, Закон за кривична постапка-објаснувања, коментари, судска практика и обрасци за практична примена, Академик , Скопје, 1997
49. Проценка на ставовите и сознанијата на средношколската популција за феноменот на скриена проституција и трговија со луѓе, ХОПС, Скопје, 2004
50. Report of the Ad Hoc Committee in the Elaboration of a Convention against Transnational Organized Crime on the work of its first to eleventh session, General Assembly, United Nation, 3rd of November
51. 'Trafficking' and 'Smuggling' of Human Beings in Europe: Protection of Individual Rights or States' Interests? http://webjcli.ncl.ac.uk/2001/issue5/obok5.html
52. Селими Зеќир, времетраењето на кривичната постапка за стандардни кривични предмети, Судиска ревија, 1998, бр. 4

53. Снежана Таси, Функцијата и значењето на психијатриската експертиза, Македонска ревија за казнено право и кримнологијата, 1998, бр. 1,
54. Стаменкова Трајкова Верица, Психосоцијална поддршка на жени жртви на трговија со луѓе, 2004, Скопје
55. Станковска Г., Жадиковски, П. Кировски, В. Дуковска, И. Митковска, В. Дивјак, Форензичко-психијатриско значење на стравот, Македонска ревија за казнено право и криминологија, 1998, бр. 1,
56. Стојанов Иванчо, Оштетениот како споредеен субјект во кривичната постапка, Македонска ревија за казнено право и криминологија, 1996
57. Стојанов И., Основи за определување на притвор во Македонската кривична постапка, Годишник на факултетот за безбедност, 2000/2001
58. The contribution of data exchange systems to the fight against organized crime in the SEE countries, Final report, Transcrime for the Office of the Special Coordinator of the Stability Pact for SEE, November 2004
59. "Трговија со луѓе - Темис" Скопје, 2004
60. Тумановски Драган, Трговија со луѓе, Судиска ревија, 2002, бр.4
61. Тумановски Драган, Меѓународни договори, второ дополнето издание Скопје, 2005 год.
62. Тупанчевски Никола, Трговија со луѓе во споредбено казнено право и во казненото право на Р. Македнија, Македонска ревија за казнено право и криминологија
63. Trafficking in Person Report" June 2005, http://www.state.gov/g/tip/rls/tiprpt/2005/
64. The 2005 Transparency International Corruption Perceptions Index, Transparency International http://www.infoplease.com/ipa/A0781359.html
65. Forum on Crime and Society, UNODC, Volume 3, Nembers 1 and 2, December 2003
66. Changing patterns and trends of trafficking in persons in the Balkan region, IOM Report 2004
67. Цветковски, Цветан Уставни можности и граници на законското пропишување на притворот и на другите мерки за обезбедување на присуство на обвинетиот, Македонска ревија за кзнено право и криминологија, 1995
68. Чадиковски, П Кировски, М. Левенски, Надомест за стравот, болката и психичкото страдање, Македонска ревија за казнено право и криминологјата, 1998, бр. 1.
69. "Women in an insecure world-Violence against Women, Facts, Figures and Analysis",

***

http://www.legislationline.org/ Trafficking in Human Beings
http://www.unodc.org/unodc/en/trafficking_victim_consents.html#how United Nations, Office on crime and drugs
http://www.abanet.org/ceeli/publications/conceptpapers/humantrafficking/moldova.html CEELI Survey of Legislative Frameworks for Combating Trafficking in Persons
http://webjcli.ncl.ac.uk/2001/issue5/obok5.html The Durham Research postgraduate conference 2001
http://www.germanlawjournal.com/ German Law Journal. http://www.interpol.int/Public/THB/PeopleSmuggling/Default.asp Interpol
www.femmigration.net/victims Legal agenda for Migrant Prostitutes and trafficked women on Internet
www.ncjrs.org Issues and Practices
http://icpo.at.tut.by/crimpren.html Sources of Criminal Procedure
http://www.ncjrs.org/spotlight/trafficking/summary.html NCJRS
http://www.usdoj.gov United states department of justice
http://www.protectionproject.org Protection project

http://www.state.gov Inited states department of state
http://www.newr.bham.ac.uk/topics/Trafficking/trafficking_newr.htm Network for European Women's Rights
http://www.december18.net/web/general/start.php International calendar-directory-UNconvention-imd-campaigns
http://www.ojp.usdoj.gov/ United states department of justice
http://www.oasis.gov.ie/justice/victims_of_crime/Irish Government Resource
www.mvr.gov.mk Ministerstvo za vnatre{ni raboti
http://people.freenet.de/kvlampe/OCDEF1.htm Definitions of Organized Crime, Klaus von Lampe,
http://www.mhc.org.mk/mkd/analizi/istrazni_merki.htm helsinki
www.all4fairtrials.org.mk coalition All 4 Fair Trials
http://www.mvr.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=65 Moi
https://www.cica.gov.uk Criminal Injures compensation scheme

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

347.993.03:343.9.02(497.7)”2005/07”

343.9.02:347.993.3(497.7)”2005/07”

ВЕЛКОСКА, Виолета

Ефикасноста на судовите при справување со феноменот организиран криминал 2005, 2006, 2007 година / [автор Виолета Велкоска]. – Скопје: Коалиција “Сите за правично судење”. – 2008. – 124 стр.: илустрации; 21x21cm

фусноти кон текстот. – Библиографија: 120123

ISBN 978-9989-2502-8-6

а) Судство – Ефикасност – Организиран криминал – Македонија – 2005–2007 б) Организиран криминал – Судство – Ефикасност – Македонија – 2005 –2007 – Истражувања

COBISS.MK-ID 71936266

Поддржано од

OSCE

Organization for Security and Co-operation in Europe

**Spillover Monitor**
**Mission to Skopje**